# ВЛИЈАНИЕТО НА СУДСКИТЕ ТАКСИ И ТРОШОЦИ И ИНФОРМИРАНОСТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТРОШОЦИ КАКО ПРЕЧКА ИЛИ МОЖНОСТ ДО СУДСКА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



**ИЗДАВАЧ:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

ул. Максим Горки 20/1-4, 1000 Скопје

Тел. 389 (0) 2 3298295, 3298 296

www. esem.org.mk

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Јасминка Фришчиќ

**АВТОРИ:**

Јасминка Фришчиќ

Делфина Тодоровска

Скопје, ноември 2021 година

Оваа анализа е подготвена во рамки на програмата за работа на ЕСЕ за 2021 година и е целосно или делумно финансирана од Шведската Меѓународна Развојна Агенција (Sida) и Kvinna Till Kvina. Sida и Kvinna Till Kvina не се согласуваат нужно со изнесените ставови и мислења. Авторот на оваа публикација е целосно одговорен за содржината

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ……………………………………………………………………………………………….. 4

**МЕТОДОЛОГИЈА** ……………………………………………………………………………… 5

**ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ШТО ГИ ВОДАТ ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** …… ........................................................................................................ 6

А. Привремени мерки за заштита – ПМЗ ……………………………………………..…… 7

Б. Развод …………………………………………………………………………………….. 16

В. Делба на имот каде што не се спори сопственоста ………………………………… 25

Г. Делба на имот каде што се спори сопственоста ……………………………………….. 31

Д. Постапка за издршка …………………………………………………………………... 33

Ѓ. Постапка за старателство ……………………………………………………………… 35

Е. Постапка за иселување од семејниот дом ……………………………………………… 38

Ж. Прибрани податоци од други аспекти ………………………………………………… 39

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ……………………………………………………............……… 40

# ВОВЕД

Здружението ЕСЕ континуирано работи на унапредување на судската заштита на жените што претрпеле семејно насилство со посебен осврт на олеснување на пристапот до постапки по семејни спорови. Препознавајќи ја важноста и итната потреба на жените за решавање на правните проблеми од семејното насилство, ЕСЕ од 2019 година презеде првично истражување за да го утврди влијанието на судските такси и трошоци и да ја утврди информираноста за практикување на законските можности за ослободување од судски трошоци кај жените што претрпеле семејно насилство. На ова поле имаме за цел да ја утврдиме актуелната состојба и да ги идентификуваме пречките со кои се соочуваат жените додека се обидуваат судски да ги решат правните проблеми како последица на претрпеното семејно насилство.

Со првичната анализа од 2019 година се прибраа податоци од жените што во тековната година се обратија за бесплатна правна помош во ЕСЕ. Со анализата беа опфатени сите видови судски постапки по семејни спорови со заклучок дека жените во просек водат по две постапки по семејни спорови. Констатирана е мала финансиска моќна жените за плаќање на судски трошоци со мали разлики за различни постапки, а притоа малубројни се оние што побарале ослободување од плаќање на трошоци бидејќи не биле информирани за ваквата можност пред да ги поведат постапките.

На ова поле истражувањето продолжи и во 2020 година со тоа што заклучоците од втората анализа се толкувани и во корелација со претходната анализа. Двете анализи ја отсликуваат актуелната состојба на жените за достапноста на судските постапки по семејни спорови со заклучоци дека и покрај законските новини за олеснување на пристапот до судска заштита, сепак тие во практиката се недоволно познати, односно недоволно заживеани кај жените што претрпеле семејно насилство.

Здружението ЕСЕ продолжи со истражувањето и во 2021 година за да ги утврди евентуалните промени во насока на подобрување на состојбата во практиката по законските новини за олеснетиот пристап до судска заштита за сиромашните и жените што претрпеле семејно насилство како лица од ранлива категорија.

Намената на анализата е да придонесе со препораки засновани на собрани податоци од спроведеното истражување кај жените што воделе, односно планираат да водат постапки по семејни спорови. Очекувањата се преку анализата да се идентификуваат клучните проблеми и пречки што им отежнуваат на жените да ги практикуваат предвидените законски можности за водење на постапките по семејни спорови со ослободување од плаќање за судски трошоци, вклучително и стручна правна помош од надлежна институција или со бесплатно застапување од адвокат по основ на евидентирани жртви на семејно насилство.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Со анализата се опфатени вкупно 44 жени што побарале бесплатна правна помош од ЕСЕ во периодот од јануари па заклучно со септември 2021 година. За 24 жени постапките се во тек или се завршени, а за останатите 20 постапките се во фаза на подготовка и тие ќе се поведат по комплетирање на потребната документација и подготовка на соодветни писмени поднесоци.

За потребите на оваа анализа се доразвиени двата прашалника од минатогодишното истражување согласно со законските измени за намалување на судските такси и правото на жените за бесплатна правна помош во судски постапки како последица на претрпено семејно насилство. Со двата прашалника се собраа примарни податоци преку директен и непосреден контакт со жените и се добија информации за нивната состојба и проблеми што потекнуваат од законската регулатива, од постапувањето на институциите или пак од одлуките на судовите. На ваков начин се прибрани податоци за општите информации за жените, видовите постапки што ги водат и ќе ги водат, информираноста за законските можности за правна помош и финансиска поддршка во водење на постапките и нивната примена, информираноста за судските трошоци и финансиските можности за плаќање на секоја од постапките, потрошени, односно потребни средства во постапките, вкупните трошоци за постапките и влијанието врз стандардот на живеење на жените, искуства и очекувања од постапките и на крај се добија информации за личните ставови и мислења на жените за подобрување на пристапот до правда.

Собраните податоци од истражувањето во анализата се прикажани во табели за жените од двете категории што воделе и ќе водат постапки, а некои од податоците се прикажани во одделни табели за секоја категорија посебно во зависност од специфичноста на собраните податоци.

Жените што водат и имаат потреба од водење постапки по семејни спорови се на возраст од 20 до 60 години, но повеќето (29) имаат од 31 до 40 години. Според националноста, повеќето се Македонки (26), а многу помалку се Албанки, Ромки или од други националности. Според образованието, жените имаат од незавршено основно, па сè до додипломски студии, но повеќето (20) имаат завршено средно образование. Приближно половина од жените (21) се невработени и немаат приходи, додека останатите (23) како вработени заработуваат од најмалку 7.501 до најмногу 30.000 денари месечно. Сепак, кај повеќето (21) месечната плата не надминува износ од 16.000 денари. Повеќето жени (33) се безимотни, односно немаат имот на свое лично име, додека право на социјална помош оствариле само седум (7) жени. Жените по доживеаното семејно насилство живеат во семејства од по два (2),нои со повеќе од пет (5) члена. Сепак, повеќето (30) живеат во семејства со по три (3) до четири (4) членови.

## ВИДОВИ СУДСКИ ПОСТАПКИ ШТО ГИ ВОДАТ ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Генерален е заклучокот дека за решавање на проблемот со насилството и со останатите правни проблеми со кои се соочуваат, жените што претрпеле семејно насилство вообичаено водат повеќе од две постапки пред надлежните судови. За судско решение на проблемите со кои се соочуваат 44 жени опфатени со оваа анализа, потребно е водење на вкупно 111 постапки, од кои 63 се во тек или се завршени, додека останатите 48 постапки се во фаза на подготовка, односно ќе се водат (табела 1). Видот, пак, на судските постапки е условен од природата на правните проблеми со кои се соочуваат жените. Всушност, повеќето жени покрај постапките за привремени мерки за заштита (ПМЗ), најмногу се заинтересирани и за постапката за развод поради потребата а и можноста во оваа постапка покрај разводот да го решат и прашањето за доверување на старателство и издршка на малолетните деца.

| **Видови судски постапки** | **Водат/воделе** | **Ќе водат** | **Вкупен број на постапки** |
|---|---|---|---|
| ПМЗ | 22 | 17 | 39 |
| Развод | 22 | 13 | 35 |
| Делба на имот каде што не се спори сопственоста | 7 | 9 | 16 |
| Делба на имот каде што се спори сопственоста | 3 | / | 3 |
| Издршка | 3 | 2 | 5 |
| Старателство | 2 | 3 | 5 |
| Иселување | 2 | 4 | 6 |
| Други | 2 | / | 2 |
| **Вкупен број на жени по категорија** | **24** | **20** | **44** |

***Табела 1. Видови постапки***

Загрижува тоа што една третина од жените (14) и покрај потребата се откажале од поведените постапки. Дотолку повеќе што речиси сите (13) се откажале од постапката за ПМЗ која била поведена преку ЦСР, а само една (1) жена се откажала од постапката за делба на имот каде што не се спори сопственоста.

Табелата 2 ги прикажува минималните и максималните износи за судски трошоци за секоја постапка, со пресметан процент во однос на месечната плата од 16 000 денари, како просечна плата на вработените жени, според податоците од истражувањето за лични нето-приходи. Од аспект на финансиската состојба на вработените жени, повеќе од јасно е, од табелата подолу, дека одредени постапки се недостапни за жените дури и со минимално пресметани судски трошоци. Конкретно, вработените жени во постапката за развод на брак, како пример што е најзастапен од судските постапки, потребно е да издвојат најмалку 11 200 денари или дури 70 % од месечната плата за судски такси за тужба, жалба, пресуда и за вештачење. Вака минимално пресметаните судски трошоци можат да се зголемуваат со плаќање на други трошоци вклучени во постапката и да достигнат максимален износ до 48 000 денари, што претставува

тримесечна заработувачка на жените. Жените во постапката најчесто се соочуваат и со дополнителни трошоци за супервештачење, судски оглас, за поставување привремен застапник поради отсуство на тужениот и слично.

| Видови судски постапки | Висина на таксите и др. трошоци (МКД) | | Процент (%) од 16 000 (МКД) | |
|---|---|---|---|---|
| | Минимум | Максимум | Минимум | Максимум |
| ПМЗ | 1 920 | 1 920 | 12 | 12 |
| Развод | 11 200 | 48 000 | 70 | 300 |
| Делба на имот каде што не се спори сопственоста | 5 840 | 15 150 | 37 | 95 |
| Делба на имот каде што се спори сопственоста | Во зависност од вредноста на имотот | | / | / |
| Издршка | Во зависност од бараната издршка за три месеци | | / | / |
| Старателство | 3 200 | 3200 | 20 | 20 |
| Иселување | 4 800 | 4 800 | 30 | 30 |
| Адвокатски трошоци | 6 000 | 18 000 | 100 | 113 |

***Табела 2. Минимални и максимални трошоци во постапките како процент од просечна месечна плата кај вработените жени***

## А. ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА – ПМЗ

Правото на жените за заштита од семејно насилство во судска постапка не е бесплатно и вклучува повеќе видови на трошоци од чиешто навремено плаќање зависи и постапувањето на судот. Ова е една од постапките по семејни спорови во која трошоците за судски такси се најниски. Таксата за предлог изнесува 480 денари, таксата за жалба 980 денари и таксата за судска одлука изнесува 480 денари. Тие се пресметани врз основа на вредноста на спорот, која во овој случај изнесува 10 000 денари.

Од аспект на ослободување од плаќање на судски трошоци за постапката предвидени се три можности за жените што се подготвени судски да го решат проблемот со семејното насилство и тоа преку центрите за социјални работи, согласно со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[1], преку Министерството за правда, согласно со Законот за бесплатна правна помош, која вклучува и застапување од адвокат и преку личен предлог на жените со барање за ослободување од судски трошоци до надлежен суд и третата можност е согласно со законските одредби за парнична постапка предвидени со институтот, т.н. сиромашко право.

[1]Службен весник на РСМ бр.24 од 29.01.2021 година

Со анализа на постапката по овој правен пат се опфатени вкупно 39 жени од кои 22 постапката ја водат/воделе, а допрва ќе ја водат уште 17 жени. Податоците добиени од спроведеното истражување во однос на искористеноста на трите предвидени можности за водење на постапката укажуваат дека повеќето жени (32) ја користат можноста преку ЦСР да ја водат постапката. Поточно, за сите жени (22) што ја водат, односно воделе постапка бил поднесен писмен предлог за ПМЗ до надлежен суд, со стручна правна и финансиска поддршка од ЦСР. Ваквата можност за постапка преку ЦСР планирале да ја користат и повеќето (10) од жените што допрва ќе ја водат постапката.

Значајно е да се напомене дека ниту една жена од двете категории не била подготвена да ја користи предвидената можност за постапка преку Министерството за правда. Исто така, жените не ја практикувале можноста за водење на постапката преку личен предлог до суд, а единствено на ваков начин планирале само две (2) од жените што допрва ќе ја водат постапката. Пет (5) од жените што ќе ја водат постапката не можеле да одредат која од предвидените можности ќе ја користат за постапката.

Наодот од анализата за речиси исклучиво водење на постапката преку ЦСР е делумно очекуван, имајќи предвид дека жените пред да ја поведат постапката од трите предвидени можности, повеќето (35) знаеле за можноста постапката да ја водат по предлог на ЦСР. Ваквата состојба главно се должи на тоа што жените што претрпеле семејно насилство вообичаено се обраќаат во ЦСР за надминување на проблемот со насилството и останатите правни проблеми, па оттука во поголема мера се запознаени со законските надлежности на оваа институција. Помалку од жените биле информирани за другите две можности, односно 12 знаеле за можноста лично да поднесат предлог за ослободување од судски трошоци до самиот суд, додека само шест (6) знаеле за можноста за користење на бесплатна правна помош преку Министерство за правда. За ниту една од трите предвидени можности за водење на постапката не биле информирани само две (2) од жените што допрва ќе ја водат постапката (табела 3).

| **Одговор од жените** | **Преку ЦСР (А)** | | **Преку МП (Б)** | | **Личен предлог/сами (В)** | | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Водат/ воделе** | **Ќе водат** | **Водат/ воделе** | **Ќе водат** | **Водат/ воделе** | **Ќе водат** | **А** | **Б** | **В** |
| Знаат | 22 | 13 | 3 | 3 | 7 | 5 | **35** | **6** | **12** |
| Не знаат | / | 4 | 19 | 14 | 15 | 12 | **4** | **33** | **27** |
| **Вкупно** | **22** | **17** | **22** | **17** | **22** | **17** | **39** | **39** | **39** |

***Табела 3. Информираност за предвидени можности за постапката***

Од друга страна, особено загрижувачки е изразеното незадоволство на жените во врска со помошта и поддршката што ја добиле од ЦСР во текот на постапката за изрекување на привремени мерки за заштита. Според податоците добиени од дваесет и двете (22) жени што ја искористиле можноста за водење на постапката преку ЦСР, констатиравме дека дури половина (12) биле потполно незадоволни од обезбедената помош и поддршка, шест (6) биле делумно задоволни, а само четири (4) биле задоволни. Жените наведоа повеќе причини за

незадоволството од ЦСР за водење на постапката, од кои најзастапени кај повеќето се бавното постапување по пријава за семејно насилство, како и предлагањето и повлекувањето на предложените мерки за време на постапката без претходна согласност на жените (табела 4). Дел од жените укажаа и на недоволната информираност, односно недовербата во ЦСР и непостапувањето по повторување на насилството како причини за незадоволството од работата на ЦСР.  Наведените негативни практики во постапувањето на ЦСР директно придонесуваат за неостварување на целта поради која се изрекуваат ПМЗ, а тоа е ефективна заштита на жените што претрпеле семејно насилство. Постапката за изрекување на ПМЗ претставува специјализиран превентивен механизам за итна заштита на жените што претрпеле семејно насилство, со кратки законски рокови за спроведување.  Како резултат на бавното постапување на ЦСР, кое се коси со итноста на оваа постапка, жените се незаштитени, односно продолжуваат да трпат насилство и се соочуваат со загрозување на нивниот живот и здравје. Особено загрижува тоа што голем дел од жените се недоволно информирани и консултирани при донесување на одлука за предлагање или повлекување на ПМЗ од страна на ЦСР. Имено, за предлагање или повлекување на ПМЗ неопходно е да се земе предвид состојбата на жената поради која се поведува самата постапка, затоа што во спротивно постои ризик за непредлагање на ПМЗ во ситуација кога има потреба или повлекување на ПМЗ во ситуација кога сѐ уште постои ризик за повторување на насилството.

Земајќи го предвид значењето на овој механизам за намалување на стапката на семејно насилство во општеството, неопходно е промовирање на привремените мерки за заштита и зголемување на бројот на поведени постапки и изречени ПМЗ. Впрочем, еден од главните недостатоци во постапувањето на ЦСР во однос на оваа постапка е разликата во бројот на случаи во кои имало потреба од ПМЗ со бројот на случаи каде што ЦСР има поведено ваков вид на постапка. Од наодите на оваа анализа произлегува дека повеќе од половина од поведените постапки преку ЦСР за изрекување на ПМЗ биле сопрени, односно жените останале без потребната итна заштита по проценка на ЦСР, со оглед на тоа што не ги прашале жените за согласност пред повлекувањето.

| **Наведени причини за незадоволство** | **Застапени причини кај жените** |
|---|---|
| Бавно постапување по пријава за семејно насилство | 10 |
| Незапознати со сите привремени мерки | 4 |
| Предлагање и повлекување на ПМЗ без согласност на жените | 7 |
| Необезбедена заштита од насилникот/недоверба во ЦСР | 3 |
| Непостапување по повторено семејно насилство | 3 |
| Некоординирана соработка со полицијата | 2 |

***Табела 4. Причини за незадоволство кај жените што постапката ја водат преку ЦСР***

Исто така, значајно е да се напомене дека жените (22) што се стекнале со судско искуство за постапка преку ЦСР, повеќето (18) сметаат дека не биле во состојба и можност постапката да ја водат сами поради повеќе причини истовремено. Како најзастапени причини кај речиси сите жени (21) бил стравот сами да се соочат со насилникот, а воедно кај повеќето (15) и

неинформираноста кои документи се потребни за постапката (табела 5). Само четири (4) жени не можеле да одредат дали биле во состојба сами да ја водат постапката.

| Наведени причини | Застапени причини |
|---|---|
| Не можат да платат судски трошоци | 6 |
| Неинформирани кои документи се потребни за постапката | 15 |
| Страв од соочување со насилникот | 21 |
| Правно необразовани/неуки | 6 |
| Нарушено здравје како последица од претрпено семејно насилство | 2 |

***Табела 5. Причини поради кои жените не можат сами да ја водат постапката***

Што се однесува до жените (17) што допрва ќе ја водат постапката, констатиравме дека информираните со можностите за водење на постапката (види табела 3) биле само делумно запознаени со посебните карактеристики на постапката преку ЦСР, преку МП и по личен предлог (табела 6). Жените што ја воделе постапката преку ЦСР во најголема мера биле запознаени со карактеристиките на постапката за изрекување на ПМЗ, во помала мера биле запознаени жените што лично ја воделе постапката, додека најмалку биле информирани за карактеристиките на постапката жените што се обратиле во Министерството за правда.

| Застапени одговори на жените | Постапка според предвидените можности | | |
|---|---|---|---|
| | Преку ЦСР | Преку МП | Личен предлог/сами |
| Пријавување на семејно насилство во ЦСР и согласност за постапката/барањето до МП/личен предлог за ПМЗ до суд | 9 | 3 | 3 |
| Правна поддршка со застапување/адвокат | 5 | | |
| Ослободување од судски трошоци | 1 | 3 | |
| Правна помош и поддршка и по завршување на постапката/надзорот над изречени ПМЗ | 2 | | |
| Укажување на права по основ жртва на СН | 1 | | |
| Плаќање трошоци за адвокат | | | 7 |
| Документи потребни за постапката | | | 1 |
| Плаќање судски трошоци | | | 3 |

***Табела 6. Информираност за карактеристиките на постапката за секоја од предвидените можности кај жените што ќе водат постапка***

Повеќето од жените пред да ја поведат постапката (29) воопшто не биле информирани за судските такси вклучени во постапката. Само шест (6) од жените што ја водат постапката знаеле за сите судски такси, а само по две (2) жени од двете категории знаеле за таксата за поднесување на предлог (табела 7). Исто така, заклучивме дека доколку жените сами ја водат постапката, половина (12) не се информирани за можноста да бараат судот да ги ослободи од

плаќање на вкупни судски трошоци, а за ова не знаат и повеќето (13) што допрва ќе ја водат постапката (табела 7).

| Застапени одговори на жените | Информираност за видовите судски такси предвидени во постапката | | Информираност за можноста за ослободување од судски трошоци | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водат/ воделе | Ќе водат | Водат/ воделе | Ќе водат | Информираност за судски такси | Информираност за ослободување од судски такси |
| Само за предлог | 2 | 2 | 2 | / | **4** | **2** |
| Информирани за предлог, жалба и за одлука | 6 | / | 8 | 4 | **6** | **12** |
| Неинформирани | 14 | 15 | 12 | 13 | **29** | **25** |
| **Вкупно** | 22 | 17 | 22 | 17 | **39** | **39** |

***Табела 7. Информираност за судските такси и ослободување од трошоци***

Од аспект на плаќање на вкупните судски трошоци на крајот од постапката за изрекување на ПМЗ утврдивме дека повеќето (30) од жените не биле информирани дека во случај на неуспех во постапката можат да се соочат со одлука на судот за плаќање на вкупни судски трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна, доколку постапката ја водат сами. За ова знаеле само по една жена од двете категории, додека шест (6) сметале дека не постои ваква можност.

Жените за постапката се информирале од повеќе извори, а најмногу (14) од граѓански организации, помалку (7) од полиција и ЦСРи од други извори (табела 8). Повеќето (10) од информираните жени добиените информации ги разбрале делумно, не ги разбрале информацииите две жени (2), а потполно разбрале само две (2) жени.

| Извори на информации | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Институции/ЦСР, полиција | 5 | 2 | **7** |
| ГО | 10 | 4 | **14** |
| Адвокат | 2 | / | **2** |
| Роднини, пријатели | 2 | 1 | **3** |
| Лично искуство од постапката | 1 | 2 | **3** |

***Табела 8. Извори на информации за постапката***

Од аспект на цената на чинење на судските такси вклучени во постапката, утврдивме дека околу половина од жените од двете категории не знаат колку било потребно да платат за секоја од судските такси. Од информираните жени, најмногу (12) го знаеле точниот износ за поднесување на предлог, а помалку (9) за одлука и (8) за жалба (табела 9). По една жена од

двете категории не го знаеле точниот износ за предлог, а една не го знаела износот и за жалба и за одлука.

| Податоци за износите за видовите судски такси | Такса за предлог (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за одлука (В) | | Вкупно постапки по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 480/960/480 МКД | 8 | 4 | 6 | 2 | 7 | 2 | 12 | 8 | 9 |
| Не знаат | 12 | 12 | 15 | 15 | 14 | 15 | 24 | 30 | 29 |
| Не го знаат точниот износ | 2 | 1 | 1 | / | 1 | / | 3 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **22** | **17** | **22** | **17** | **22** | **17** | **39** | **39** | **39** |

***Табела 9. Информираност на жените за висината на судските такси и трошоците во постапката за ПМЗ (со 1 се означени жените што водат/воделе, а со 2 тие што ќе водат ваква постапка)***

Десет (10) од жените не знаеле колку средства биле потребни за плаќање адвокатско застапување за едно судско рочиште, а за ова останатите сметале дека е потребно да издвојат од најмалку 3.000 па до 8.000 денари, а најмногу од жените (9) навеле износ од 6.000 денари (табела 10).

| Податоци за износот на трошок за адвокат | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3.000 МКД | 3 | / | 3 |
| 4.000 МКД | 2 | 1 | 3 |
| 5.000 МКД | 4 | 1 | 5 |
| 6.000 МКД | 3 | 6 | 9 |
| 7.000 МКД | 3 | 2 | 5 |
| 8 000 МКД | 1 | 3 | 4 |
| Не знаат | 6 | 4 | 10 |
| **Вкупно** | **22** | **17** | **39** |

***Табела 10. Информираност на жените за износот на трошок за адвокат***

Анализата ги опфати и реалните финансиски можности на жените за плаќање трошоци во постапката со наод дека утврдените износи за судски такси за предлог, жалба и за одлука биле прифатливи за околу половина од жените. Поточно, такса за предлог во износ од 480 денари можат да платат дваесет и седум (27), такса за жалба во износ од 960 и 480 денари за одлука можат да платат  дваесет и две (22) жени. Од останатите, шест (6) жени не можат да одредат финансиски можности за плаќање на предвидените судски такси, шест (6) не можат да  платат за предлог, додека пак единаесет (11) жени не можат да платат трошоци за жалба и одлука (табела 11).

| Застапени износи за видовите судски трошоци | Такса за предлог (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за одлука (В) | | Вкупно постапки по категорија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В |
| 480/960/480 МКД | 15 | 12 | 11 | 11 | 11 | 11 | **27** | **22** | **22** |
| Не можат да платат | 3 | 3 | 7 | 4 | 7 | 4 | **6** | **11** | **11** |
| Не можат да одредат | 4 | 2 | 4 | 2 | 4 | 2 | **6** | **6** | **6** |
| **Вкупно** | **22** | **17** | **22** | **17** | **22** | **17** | **39** | **39** | **39** |

***Табела 11. Финансиски можности на жените за плаќање трошоци за судски такси***

Помалку од жените, и тоа само девет (9), реално биле во можност да платат за застапување на адвокат во постапката. Од останатите триесет (30), десет (10) жени не можат да платат адвокатско застапување, додека 20не можат да одредат финансиски можности за плаќање бидејќи очекувале финансиска поддршка од нивните родители (табела 12).

| Застапени износи за трошок за адвокатско застапување | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2.000 МКД | | 1 | **1** |
| 3.000 МКД | 1 | 1 | **2** |
| 5.000 МКД | 3 | 1 | **4** |
| 6.000 МКД | / | 2 | **2** |
| Не можат да одредат | 16 | 4 | **20** |
| Не можат да платат | 2 | 8 | **10** |
| **Вкупно** | **22** | **17** | **39** |

***Табела 12. Финансиски можности на жените за плаќање адвокатско застапување***

Анализата е со наод дека ниту една од жените што ја водат/воделе постапката не барала од судот ослободување од трошоци, што е сосема очекувано имајќи предвид дека сите дваесет и две (22) ја воделе постапката преку ЦСР. Всушност, поради водење на постапката преку ЦСР ниту една од жените не се соочиле со плаќање трошоци за судски такси во постапката. Сепак, со истражувањето утврдивме дека седум (7) жени имале трошоци за иницирање на постапката, и тоа за издавање потврда од полиција, а шест (6) од нив дополнително и за медицински извештај како доказ дека претрпеле семејно насилство. Овие трошоци изнесувале од 300 денари за една жена, три (3) платиле по 500 денари, три (3) од по 600 и 1.000 и една платила вкупно 3 000 денари, вклучително и трошоци за спроведување на мерката задолжително болничко лекување за сторителот на семејното насилство. Трошоците не го промениле стандардот на живеење кај жените, со исклучок само кај жената што имала вкупен трошок од 3.000 денари.

Од анализата може да се заклучи дека повеќето (20) од жените што ја воделе постапката не знаеле по завршувањето кој е задолжен да ги плати вкупните трошоци согласно со одлуката на судот. Неинформираноста кај жените е очекувана, земајќи предвид дека сите жени постапката ја воделе преку ЦСР, а делумно и поради тоа што тринаесет (13) се откажале пред да заврши, а за четири (4) жени сè уште се води. За плаќањето вкупни трошоци не знаеле три (3) иако ја завршиле постапката, а само две (2) знаеле дека ги платила спротивната страна.

За анализата се собрани и податоци за искуствата на жените, односно очекувањата од судската постапка. Одговорите на овие прашања беа рангирани од многу мала мера, малку, средно, многу, многу голема мера и не можат да одредат.

Жените што стекнале искуство од водење на постапката, без оглед дали ја завршиле или пак се откажале, утврдивме дека сите доживеале стрес кој за повеќето (15) бил во многу голема мера, шест (6) искусиле многу стрес, а како среден бил само за една жена. Исто така, половина (12) од жените не можат да одредат дали постапката била фер, додека за останатите била фер од многу мала до многу голема мера за само една жена. Постапката влијаела многу негативно или во многу голема мера кај шеснаесет (16), додека шест (6) жени не можеле да го оценат влијанието.

Дополнително за текот на постапката беа собрани податоци за само девет (9) жени, земајќи ги предвид претходно утврдените наоди дека тринаесет (13) се откажале од постапката. Постапката ја завршиле пет (5) жени, од кои две(2) сметале дека исход бил малку фер, а три (3) сметале дека е среден. Од овие жени само една сметала дека во средна мера исходот ја надоместил штетата од проблемот и средно вредел во однос на изгубеното време и доживеан стрес за водење на постапката. За ова одговорите на останатите четири (4) жени биле во многу мала мера.

Од четирите (4) жени за кои постапката не била завршена, три (3) очекувале во многу мала мера исходот да биде фер и да ја надомести направената штета, а за ова не можела да одреди една жена. Две (2) од жените очекувале во многу мала мера исходот да вреди во однос на потрошеното време и доживеан стрес, додека за ова не можеле да одредат другите две (2) жени.

| Понудени одговори | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. | Постапката негативно влијае врз животот |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | 3 | 3 | 7 | 6 | / |
| Малку | 2 | 2 | / | / | / |
| Средно | 3 | 3 | 1 | 1 | / |
| Многу | 1 | / | / | / | 8 |
| Многу голема мера | 1 | / | / | / | 8 |
| Не можат да одредат | 12 | 1 | 1 | 2 | 6 |
| **Вкупно** | **22** | **9** | **9** | **9** | **22** |

***Табела 13. Податоци за жените што водат/воделе постапка***

Што се однесува до седумнаесетте (17) жени што допрва ќе ја водат постапката, утврдивме дека повеќето (10) планирале да ја водат постапката преку ЦСР бидејќи биле информирани дека е институција надлежна да постапува при проблем со семејно насилство. Покрај ова, две (2) од жените бидејќи биле задоволни од претходното искуство со ЦСР во постапката, вклучително со услугите за психолошка поддршка и привремено сместување на безбедно место, т.н. шелтер центар. Во однос на останатите седум (7) жени од оваа категорија, две (2) од нив постапката ќе ја водат сами поради недоверба во институциите по пријавувањето на семејното насилство. Тие планираат истовремено со поднесувањето на предлогот за ПМЗ од судот да бараат ослободување од плаќање за судски такси, а во спротивно претпоставуваат дека вкупниот трошок за постапката би изнесувал 2.000 според едната, односно 30.000 денари според другата жена.

Преостанатите пет (5) жени сè уште не можат да одредат која можност ќе ја користат за водење на постапката, па заради ова не знаат дали би побарале од судот да ги ослободи од трошоци за судски такси. Во однос на трошоците на постапката и нивното негативно влијание врз стандардот на живеење, во ваков случај, повеќето (12) не знаат дали би се откажале од постапката, ќе се откажат две (2), а само три (3) би продолжиле со постапката до завршување со судска одлука.

Спроведеното истражување е со наод за поголеми очекувања на жените од постапката што допрва ќе ја водат. Поточно, седум (7) очекуваат постапката да биде многу фер, а шест (6) очекуваат многу фер исход и исходот многу ќе вреди во однос на потрошените средства и изгубено време за водење на постапката. За сето ова не можат да одредат четири (4), односно пет (5) жени, а останатите одговориле во рамки на понудените параметри, од многу мала до многу голема мера (табела 14).

| Понудени одговори | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | 1 | 1 | 1 |
| Малку | 1 | 2 | 3 |
| Средно | 2 | 1 | 1 |
| Многу | 7 | 6 | 6 |
| Многу голема мера | 2 | 3 | 1 |
| Не можат да одредат | 4 | 4 | 5 |
| **Вкупно** | **17** | **17** | **17** |

***Табела 14. Податоци за жените што ќе водат постапка***

## Б. РАЗВОД

Разводот на брак е една од постапките за која жените најмногу се заинтересирани и се подготвени да ја водат по претрпено семејно насилство. Еден дел од жените бракот го разведуваат спогодбено, а дел со тужба за нарушени односи во бракот. Карактеристично за повеќето жени е тоа што од судот бараат да одлучи и за старателство и за плаќање на издршка за малолетните деца. Оваа постапка вклучува плаќање на судски такси за тужба во износ од 800 денари, такса за жалба во износ од 1.600 денари и такса за пресуда во износ од 800 денари, пресметани од основната вредност на постапката, која е во износ од 20 000 денари. Зголемувањето на судските трошоци е карактеристично за постапката за развод со тужба и тогаш постои можност жените да се соочат со трошоци предизвикани од спротивната страна, како што се трошоци за достава на судска покана, поставување привремен застапник, за вештачење/супервештачење за утврдување на родителските капацитети за старателство на децата. Трошокот за судско вештачење за утврдување на родителски капацитети чини најмалку 8.000 денари, но може да изнесува и 15.000, па дури и 30.000 денари.

За постапката од аспект на ослободување од судски трошоци се предвидени две можности, од кои едната можност е преку Министерството за правда предвидена како секундарна бесплатна правна помош, вклучително со адвокатско застапување по претходно барање на жените. Другата можност е жените сами да ја водат постапката и со можност да бараат од судот ослободување од плаќање судски трошоци доколку за тоа немаат пари или немаат доволно за да платат.

Со постапката по основ на развод на брак се опфатени вкупно триесет и пет (35) жени од кои дваесет и две (22) ја водат, односно воделе, а тринаесет(13) жени допрва ќе ја водат. Анализата е со наод дека од двете предвидени можности за водење на постапката, повеќето (28) жени од двете категории, односно осумнаесет (18) жени што водат/воделе и десет (10) што ќе водат, биле подготвени сами да се снаоѓаат за постапката. Другата можност за постапката преку МП е применета само од четири (4) жени од категоријата водат/воделе, а ниту една од категоријата ќе водат. Три (3) жени не можеле да одредат која од двете можности ќе ја применат за водење на постапката.

Притоа, неинформираноста на жените што претрпеле семејно насилство за можноста да добијат бесплатна правна помош преку Министерството за правда директно резултира со неискористување на ова право. Пред да ја поведат постапката, сите жени од двете категории знаеле за можноста постапката да ја водат сами или да ангажираат адвокат, доколку се во финансиска можност да платат за правни услуги. Но повеќето (22) од жените биле неинформирани за можноста постапката да ја водат бесплатно преку Министерството за правда (табела 15). За ваквата можност поинформирани (10) биле жените од категоријата што водат/воделе постапка за разлика другата категоријата од кои знаеле само три (3) жени.

| Застапени одговори на жените | Постапка според предвидените можности | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Преку МП | | Жените сами | | Преку МП | Жените сами ќе водат |
| | Водат/ воделе | Ќе водат | Водат/ воделе | Ќе водат | | |
| Информирани | 10 | 3 | 22 | 13 | 13 | 35 |
| Неинформирани | 12 | 10 | / | / | 22 | / |
| **Вкупно** | **22** | **13** | **22** | **13** | **35** | **35** |

***Табела 15. Информираност на жените за предвидените можности за водење на постапката***

Само четири (4) од информираните десет (10) жени од категоријата водат/воделе ја искористиле можност за водење на постапката преку МП. Всушност, овие жени претходно процениле дека не се во состојба постапката да ја водат сами бидејќи немале пари за да платат судски трошоци, а од нив две (2) и поради стравот сами да се соочат со насилниот брачен партнер во текот на судењето. Покрај малата искористеност на правото на бесплатна правна помош, особено е загрижувачки квалитетот на обезбедената секундарна правна помош со оглед на тоа што во практиката само една од четирите жени била потполно задоволна од обезбедената поддршка на МП во постапката, додека две биле делумно задоволни, а незадоволна била една жена. Незадоволството кај трите жени произлегува од услугите на одобрениот адвокат преку МП, имено, тој неоправдано ја одолговлекувал постапката, не им укажал на останатите права од постапката (издршка за деца и за необезбеден брачен партнер),а кај една жена без нејзина согласност прифатил спогодба во постапката. Ваквите наоди укажуваат на недоволната сензитивност и запознаеност на овластените адвокати со потребите на жените што претрпеле семејно насилство. Оттука произлегува дека е потребно да се спроведат дополнителни анализи за проценка на квалитетот на обезбедената бесплатна правна помош и адвокатско застапување преку Министерството за правда, како и да се организираат обуки за јакнење на знаењата и вештините на овластените адвокати[2] за работа со жени што претрпеле семејно насилство.

Што се однесува до повеќето жени (18) што одлучиле сами да ја водат постапката, тоа е така поради тоа што дел од нив (12) не биле информирани за можноста преку МП. За ова иако биле информирани останатите шест (6) жени, сепак тие одлучиле постапката да ја водат сами поради повеќе причини, а најмногу поради обезбедена бесплатна правна помош од ГО (табела 16).

[2] Регистар на адвокати за давање на правна помош на Министерство за правда, достапен на https://pravda.gov.mk/bp-advokati

| Застапени причини за самостојно водење на постапката | Водат/воделе |
|---|---|
| Итност од судска одлука | 3 |
| Можност за плаќање адвокат | 1 |
| Бесплатна помош од ГО | 5 |
| Недоверба во институции | 3 |
| Неинформираност за постапка преку МП | 12 |

***Табела 16. Причини за самостојно водење на постапката***

Што се однесува до жените што допрва ќе ја водат постапката, од кои за можноста преку МП биле информирани три (3)од нив, една воопшто не знаела што е карактеристично за постапката на ваков начин. За ова, две (2) жени знаеле дека е потребно да достават барање до подрачните одделенија на МП за одобрување секундарна правна помош, која опфаќа ослободување од вкупни трошоци поврзани со постапката, вклучително со адвокатско застапување.

Од десетте(10) жени што планираат сами да ја водат постапката, седум (7) знаеле дека во ваков случај е потребно да достават тужбено барање до суд, а две (2) знаеле и за потребата од доставување на документи потребни за постапката. Дополнително, само една жена знаела дека карактеристично за постапката на ваков начин е плаќањето судски трошоци и можност, односно потреба од ангажирање адвокат. Подготвеноста на жените (10) сами да се снаоѓаат за водење на постапката утврдивме дека произлегува од повеќе причини, најмногу (7)поради недоверба во институциите, но притоа истиве имале бесплатна помош од граѓански организации, а кај помалку (3) бидејќи не исполнувале законски предуслови за бесплатна помош преку МП. Само една жена планира постапката да ја води сама бидејќи има финансиска можност да ангажира адвокат.

Со анализата е опфатена и информираноста на триесет и петте (35) жени од двете категории во однос на судските трошоци во постапката пред да ја поведат. Спроведеното истражување е со наод дека половина (13) од дваесет и двете (22) жени што ја водат/воделе постапката пред да ја започнат биле информирани за сите видови судски трошоци предвидени во постапката. За ова помалку знаеле жените што допрва ќе ја водат постапката, односно само пет (5) од вкупно тринаесет (13), (табела 17). По две (2) жени од двете категории не знаеле за ниту еден вид судски трошок, т.е. такси за тужба, жалба, пресуда и за судско вештачење.

| Видови судски трошоци | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Тужба | 3 | 6 | **9** |
| Жалба | 2 | 1 | **3** |
| Пресуда | 2 | 3 | **5** |
| Вештачење/супервештачење | / | / | **/** |
| Знаат за сите видови судски трошоци | 13 | 5 | **18** |
| Не знаат | 2 | 2 | **4** |

***Табела 17. Информираност на жените за судски такси и трошоци во постапката***

Исто така, за предвидената можност на жените да бараат од судот ослободување од сите судски трошоци во постапката биле поинформирани повеќето (17) од категоријата што водат/воделе постапка (табела 18). За ваквата можност понеинформирани биле повеќето (8) од седумнаесетте (17) жени што ќе водат постапка. Три (3) жени биле делумно информирани, односно не знаеле за ослободување од сите трошоци доколку немаат финансиски можности да платат.

| Информираност за ослободување од судски трошоци | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Само од тужба | 3 | 1 | **4** |
| Само од жалба | 2 | | **2** |
| Само од пресуда | 2 | | **2** |
| Вештачење/супервештачење | / | | **/** |
| За сите предвидени видови | 17 | 5 | **22** |
| Не знаат | 2 | 8 | **10** |

***Табела 18. Информираност на жените за ослободување од судски такси и трошоци во постапката***

Информираните жени наведоа дека за постапката биле информирани истовремено од повеќе извори, а најмногу (23) од граѓански организации, а многу помалку и од други извори (табела 19). Добиените информации ги разбрале десет (10) жени, седумнаесет (17) разбрале делумно, додека не разбрале само две (2) жени.

| Извори на информации | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Институции/ЦСР, полиција | 2 | 2 | **4** |
| ГО | 16 | 7 | **23** |
| Роднини, пријатели | 4 | 4 | **8** |
| Адвокат | 4 | / | **4** |
| Искуство од постапката | 2 | 1 | **3** |

***Табела 19. Извори на информации за постапката кај жените***

Што се однесува до утврдениот износ за секој од судските трошоците во постапката, утврдивме различна информираност за секој вид на судски трошоци и по основ на категорија на жени. Повеќето (24) од жените што водат или воделе ваква постапка знаеле колку точно е потребно да се плати за такса за тужба, за пресуда (22) и за жалба (17). Многу малку од жените и од двете категории знаеле и за двата определени трошоци за судско вештачење/супервештачење. Всушност, точните износи за вклучените судски трошоци биле претежно непознати за жените што допрва ќе ја водат оваа постапка (табела 20).

| Податоци за износите за видови на судски трошоци | Тужба (А) | | Жалба (Б) | | Пресуда (В) | | Вештачење (Г) | | Вкупно постапки по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | В | В | Г |
| 800/1.600/800/ 8.000 МКД | 17 | 7 | 14 | 3 | 17 | 5 | 3 | 3 | **24** | **17** | **22** | **6** |
| До 30.000 МКД | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 | / | / | / | **4** |
| Жените не го знаат точниот износ | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 8 | 1 | **5** | **4** | **3** | **9** |
| Не знаат | 2 | 4 | 6 | 8 | 3 | 7 | 8 | 8 | **6** | **14** | **10** | **16** |
| **Вкупно** | **22** | **13** | **22** | **13** | **22** | **13** | **22** | **13** | **35** | **35** | **35** | **35** |

***Табела 20. Информираност на жените за висината на судските такси и трошоци во постапката за развод(со 1 се означени жените што водат/воделе, а со 2 тие што ќе водат ваква постапка)***

Спроведеното истражување е со наод за различна информираност на жените и во однос на потребните средства за плаќање на адвокатско застапување за едно судско рочиште со наведени износи од најмалку 3.000 па сè до 8.000 денари. Најмногу е застапен износот од 6.000 денари кај девет (9) од жените, со тоа што исто толку (9) и не можеле да претпостават колку изнесува ваквиот трошок (табела 21).

| Застапени износи | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3.000 МКД | 2 | | **2** |
| 4.000 МКД | 2 | | **2** |
| 5.000 МКД | 2 | 2 | **4** |
| 6.000 МКД | 6 | 3 | **9** |
| 7.000 МКД | 3 | 3 | **6** |
| 8.000 МКД | 3 | | **3** |
| Не знаат | 4 | 5 | **9** |
| **Вкупно** | **22** | **13** | **35** |

***Табела 21. Информираност на жените за трошоците за едно адвокатско застапување***

Од аспект на предвидените трошоци за постапката, анализата е со наод дека повеќето жени пред да ја поведат постапката не знаеле дека доколку не успеат во постапката, судот може да ги задолжи со трошоци и за адвокат на спротивната страна. За ваквата можност знаеле само четири (4) жени, од кои три (3) што ја водат/воделе постапката и една што допрва ќе ја води. По една жена од двете категории изјавила дека не постои ваква можност дури и во случај на неуспех во постапката.

Во однос на реалните можности на жените за плаќање на секој вид на трошок, утврдивме дека најголемо финансиско оптоварување се трошоците за судско вештачење што не можат да ги платат 24 жени од двете категории. Всушност, повеќето (25) од жените имаат финансиски можности за плаќање за такса за тужба во износ од 800 денари, а помалку од нив (15) можат да платат трошоци и за жалба (1.600 МКД) и за судска одлука (800 МКД), (табела 22).

| Податоци од жените | Тужба (А) | | Жалба (Б) | | Пресуда (В) | | Вештачење (Г) | | Вкупно постапки по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г |
| 800/1.600/800/ 8.000 МКД | 15 | 9 | 9 | 6 | 9 | 6 | 2 | 2 | **24** | **15** | **15** | **4** |
| Не можат да платат | 7 | 2 | 11 | 3 | 11 | 3 | 16 | 8 | **9** | **14** | **14** | **24** |
| Не можат да одредат | / | 2 | 2 | 4 | 2 | 4 | 4 | 3 | / | **6** | **6** | **7** |
| **Вкупно** | **22** | **13** | **22** | **13** | **22** | **13** | **22** | **13** | **35** | **35** | **35** | **35** |

***Табела 22. Финансиски можности на жените за плаќање на судски такси и трошоци во постапката***

Спроведеното истражување е со наод дека повеќето (22) од жените немале финансиски можности да платат за адвокат, а за ова не можела да одреди една жена која ќе ја води постапката. Малку (12) од жените имале финансиска можност да издвојат ограничени средства за плаќање услуги од адвокат (табела 23). Имено, реалните финансиски можности на дванаесетте (12) жени биле во износ од 2.000 па до најмногу 6.000 денари, а најмногу пет (5) биле во можност да платат до 3.000 денари за едно адвокатско застапување (табела 23).

| Податоци од жените | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2.000 МКД | 1 | 1 | **2** |
| 3.000 МКД | 1 | 4 | **5** |
| 4.000 МКД | 1 | | **1** |
| 5.000 МКД | 2 | | **2** |
| 6.000 МКД | 1 | 1 | **2** |
| Не можат да платат | 16 | 6 | **22** |
| Не можат да одредат | | 1 | **1** |
| **Вкупно** | **22** | **13** | **35** |

***Табела 23. Финансиски можности на жените за адвокатско застапување***

Со анализата се опфатени и индивидуалните трошоци што ги платиле жените што веќе ја имале завршено постапката за развод (13), согласно со начинот на водење на постапка.

Притоа беа опфатени трошоците на шест (6) жени што самите ја воделе постапката без да бараат ослободување од судски трошоци, пет (5) жени што биле ослободени од судските трошоци од страна на судот и две (2) жени што ја воделе постапката со одобрена секундарна правна помош (вклучително и адвокатско застапување) од страна на МП. Предмет на проценка беа следните видови на трошоци: такси за тужба, такси за жалба, такси за пресуда, административни такси, трошоци за објава на судски оглас, достава на судска покана преку извршител, плаќање на привремен застапник на спротивната страна, како и трошоци за адвокат.

Генерално, висината на трошоците што ги имале жените зависат од искористената можност или начин на водење на постапката, односно дали жените постапката ја воделе сами, барале ослободување од судот или постапката ја воделе преку МП. Притоа, во најнеповолна положба, односно највисоки трошоци за постапката за развод платиле жените што не користеле ослободување од судските трошоци, а истовремено ангажирале сопствен адвокат за време на постапката (4). Три (3) од овие жени платиле од 18.000 до 25.000 денари, додека една жена што била задолжена самата да ги сноси сите трошоци, платила дури 72 000 денари во бракоразводната постапка. Жените што ја воделе постапката сами, а биле ослободени од плаќање на судските трошоци, воопшто немале трошоци, меѓутоа ваквата состојба се должи на тоа што во ниту една од овие постапки  не биле потребни дополнителни трошоци за вештачење или плаќање на привремен застапник за спротивната страна (табела 24).

| Начин на водење на постапката | Висина на трошоци МКД |
|---|---|
| Сами со ослободување од страна на судот (5) | 0 |
| | 0 |
| | 0 |
| | 0 |
| | 0 |
| Сами без ослободување (6) | 800 |
| | 72.000 |
| | 25.000 |
| | 18.000 |
| | 18.000 |
| | 800 |
| Преку МП (2) | 1.000 |
| | 0 |

**Табела 24. Индивидуални трошоци на жените наспроти начинот  на водење на постапката**

Имено, дел од жените што самите ја водат постапката, дури и оние што биле ослободени од судски трошоци, можат да бидат задолжени да ги платат однапред трошоците за привремен застапник поради отсуство на спротивната страна, наспроти жените за кои била одобрена секундарна правна помош преку МП кои се ослободени од сите трошоци во постапката. Загрижува тоа што наспроти потребата за бесплатна правна помош за жените што претрпеле семејно насилство, ваквата практика има особено негативно влијание врз нивните финансиски

можности и одлучност воопшто да ја водат постапката. Заради ова е потребно усогласување на одредбите од Законот за парнична постапка со Законот за бесплатна правна помош, односно жените што претрпеле семејно насилство да бидат ослободени од сите трошоци во постапката.

Од аспект на жените (13) што допрва ќе ја водат постапката, повеќето (8) не знаеле дали ќе бараат ослободување од судски трошоци, четири (4) ќе бараат ослободување од сите трошоци, а само една нема да бара бидејќи не исполнува законски предуслови. Во однос на потребните средства за водење на постапката, утврдивме дека четири (4) претпоставиле дека ќе чини 30.000 денари, додека за други четири (4) проценката е во износ од 800, 20.000, 40.000 и 50.000 денари. Останатите пет (5) жени не можат да претпоставaт колку средства им се потребни сѐ до завршување на постапката.

Анализата е со наод дека индивидуалната постапка што ја воделе осумнаесет (18) жени, поточно од нив седум (7) и со адвокат, била завршена за единаесет (11), од кои само една била задолжена од судот да ги плати вкупните судски трошоци поради отсуство на спротивната страна. Од останатите десет (10), една половина (5) од жените судските трошоци ги платиле подеднакво со спротивната страна, додека кај другата половина (5) ги платила само спротивната страна (табела 25).

| **Задолжување со вкупни трошоци согласно со судската одлука** | **Застапеност кај жените** |
|---|---|
| Жената сама води постапка | 1 |
| Подеднакво со спротивната страна | 5 |
| Само спротивната страна | 5 |
| Постапката е во тек | 7 |
| **Вкупно** | **18** |

***Табела 25. Задолжување со вкупни судски трошоци за постапката што сами ја водат/воделе жените***

Плаќањето за судски трошоци во постапката немало влијание врз стандардот на живеење кај повеќето (11) жени, додека кај пет (5)делумно се променил, а на две (2) дури им била загрозена егзистенцијата. Сепак, ниту една од жените при соочувањето со плаќањето трошоци не се откажала од водење на постапката за развод.

Жените што допрва ќе ја водат постапката, пет(5) од нив не знаат колку вкупно ќе ги чини постапката за развод, четири (4) жени очекуваат трошоци до 30.000 денари, додека останатите претпоставуваат дека се потребни 800, 20.000, 40.000 и 50 . плаќањето на судски трошоци се промени стандардот не живеење кај жените, ќе се откажат две (2), нема да се откажат (7), додека четири (4) жени не знаат дали би продолжиле да ја водат постапката до добивање на судска одлука.

За анализата се собрани податоци од жените за нивните искуства, односно очекувања од судската постапка, со понудени одговори на прашањата рангирани од многу мала мера, средно, многу, многу голема мера и не можат да одредат.

Генерален е заклучокот дека бракоразводната постапка, покрај семејното насилство, во голема мера негативно се одразува врз состојбата на жените, односно предизвикува дополнителен емоционален стрес. Сите жени (22) што ја водат или ја завршиле постапката, во текот на судењето доживеале стрес, кој за девет (9) жени бил многу и во многу голема мера, а среден за три (3). Поголемиот дел од жените (10)  и покрај стекнатото судско искуство, не можеле да одредат дали биле фер постапката и постигнатиот исход. Исто така, повеќето, односно четиринаесет (14) жени не можеле да одредат колку исходот ја надоместил штетата направена од проблемот, а десет (10) не можеле да одредат колку исходот вредел во однос на потрошените средства, време и доживеан стрес во постапката. Според жените, постапката негативно влијаела врз нивниот живот и тоа за повеќето во многу голема мера, за осум (8) и многу за седум (7) жени (табела 26).

| Понудени одговори | Доживеан стрес | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. | Постапката негативно влијае врз животот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу мала мера | | 2 | 2 | 3 | 3 | |
| Малку | | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Средно | 3 | 6 | 5 | 1 | 4 | 2 |
| Многу | 9 | 3 | 3 | 2 | 4 | 7 |
| Многу голема мера | 9 | | | | | 8 |
| Не можат да одредат | | 10 | 10 | 14 | 10 | 3 |
| **Вкупно** | **22** | **22** | **22** | **22** | **22** | **22** |

***Табела 26. Податоци за жените што водат/воделе постапка***

Повеќето од жените што допрва ќе ја водат постапка очекуваат многу фер судска постапка и исход и кој многу ќе вреди во однос на потрошените средства и изгубеното време за водење на постапката. Овој наод укажува на тоа дека жените што претрпеле семејно насилство имаат поголеми очекувања пред поведувањето на постапката за развод на брак, односно повеќе очекуваат фер постапка и позитивен исход, споредено со жените што веќе водат или воделе ваков вид на постапка. Една од жените кои ќе водат постапка има средни очекувања во однос на постапката и исходот, додека две од нив  не можат да ја одредат за фер постапката, а од нив една и за фер исход и неговата вредност во однос на потрошените средства и време за постапката (табела 27).

| Понудени одговори | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. |
|---|---|---|---|
| Средно | 1 | 1 | 1 |
| Многу | 8 | 9 | 9 |
| Многу голема мера | 2 | 2 | 2 |
| Не можат да одредат | 2 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **13** | **13** | **13** |

***Табела 27. Податоци за жените што ќе водат постапка***

## В. ДЕЛБА НА ИМОТ КАДЕ ШТО НЕ СЕ СПОРИ СОПСТВЕНОСТА

Жените што претрпеле семејно насилство имаат потреба од водење на постапка за утврдување на правото на имот стекнат во брачна, односно вонбрачна заедница. За да го решат проблемот, потребно е навремено да платат трошоци за судски такси за предлог во износ од 480 денари, за жалба 960 денари и за такса за одлука во износ од 480 денари. Во постапката се вклучени и судски трошоци за увид од страна на судот во износ од 1.400 денари и трошоци за геодет во износ од 3.520 и 8.310 денари.

За постапката по овој правен основ се опфатени вкупно шеснаесет (16) жени од кои седум (7) ја водат/воделе постапката и девет (9) кои допрва ќе ја водат. Жените знаеле за можноста постапката да ја водат сами, предвидената можност за водење на постапката бесплатно преку Министерството за правда им била позната на само девет(9) жени, додека за ова не биле информирани седум (7) жени (табела 28).

| Застапени одговори на жените | Преку МП | | Жените сами | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водат/ воделе | Ќе водат | Водат/ воделе | Ќе водат | Преку МП | Жените сами |
| Знаат | 5 | 4 | 7 | 9 | **9** | **16** |
| Не знаат | 2 | 5 | / | / | **7** | / |
| **Вкупно** | **7** | **9** | **7** | **9** | **16** | **16** |

***Табела 28. Информираност на жените за можностите за водење на постапката (преку МП или сами)***

Од информираните девет (9) жени за постапката преку МП, само четири (4) жени биле подготвени да ја искористат ваквата можност, и тоа само една жена од категоријата водат/воделе и уште три (3) од оние што допрва ќе ја водат постапката. Вкупно дванаесет (12) од жените биле подготвени постапката да ја водат сами, односно по шест (6) жени од двете категории.

Всушност, за седумте (7) жени од категоријата водат/воделе, утврдивме дека од информираните пет (5) жени за постапка преку МП, само една одлучила да го практикува правото на бесплатна правна помош, вклучително со адвокатско застапување преку МП. Причината за тоа било тоа што не била во можност да плати за судски трошоци, била правно неука за постапката, а воедно и стравувала сама да се соочи со насилникот за време на судењето. Останатите четири (4) иако биле информирани, сепак одлучиле сами да ја водат постапката, поради недоверба во институциите, но и поради тоа што за постапката имале бесплатна правна помош од граѓански организации. Само една од жените смета дека не исполнува законски предуслови за водење на постапката преку МП.

Што се однесува до деветте (9) жени што допрва ќе ја водат постапката, од четирите (4) информирани за постапката преку МП, сите знаат за остварување на ваквото право преку барање до подрачните одделенија на МП, а дополнително две (2) знаат и за бесплатно адвокатско застапување. Сепак, само две (2) се подготвени да ја користат ваквата можност бидејќи немаат пари за плаќање на судски трошоци. Останатите две (2) не можат да одредат која можност ќе ја применат, додека пет (5) планираат постапката да ја водат сами. Ваквата одлука ја донеле поради потребната од итност на постапката, бесплатната правна помош од ГО, а од нив три (3) и поради недоверба во институциите. Само една жена планира постапката да ја води со адвокат.

Анализата е со наод дека пред да ја поведат постапката повеќето жени биле запознати за постапката од повеќе аспекти. Во однос на информираноста за видовите судски такси вклучени во постапката, повеќето, односно девет (9) знаеле за сите судски такси. Останатите шест (6) биле делумно информирани, односно повеќето знаеле за трошоците за тужба,но помалку од нив знаеле и за потребните трошоци за одлука, увид и геодет, а најмалку за жалба. Само една жена што допрва ќе ја води постапката не знае за ниту една од судските такси во постапката (табела 29). За можноста да бараат од судот ослободување за сите судски трошоци во случај постапката да ја водат сами,биле информирани сите жени што водат/воделе постапка (9),наспроти три (3) жени што ќе водат постапка, додека две (2) од жените биле делумно информирани, а четири (4) не знаеле за ваквата можност (табела 29).

| Податоци за жените | Видови судски такси (А) | | Ослободување од трошоци (Б) | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Водат/воделе | Ќе водат | Водат/воделе | Ќе водат | А | Б |
| Предлог | 2 | 4 | 1 | 2 | 6 | 3 |
| Жалба | / | 1 | / | 2 | 1 | 2 |
| Одлука | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 |
| Увид | 2 | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 |
| Геодет | / | / | / | / | / | / |
| Знаат за сите | 5 | 4 | 6 | 3 | 9 | 9 |
| Не знаат | / | 1 | / | 4 | / | 4 |

***Табела 29. Информираност на жените за видовите на судски такси и можноста за ослободување од трошоци преку суд***

За можноста за задолжување со вкупни судски трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна доколку не успеат во постапката, биле запознати половина од жените, односно осум (8). За ова не знаела само една жена шт оводела постапка и шест (6) од жените што ќе ја водат. Информираните жени за постапката биле запознати од повеќе извори истовремено, но најмногу од граѓанските организации (табела 30). Добиените информации не ги разбрале само две (2) од жените, додека од останатите (12), една половина разбрала, а делумно разбрала другата половина.

| Извори на информации | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Институции/суд, ЦСР | / | 3 | 3 |
| ГО | 6 | 7 | 13 |
| Адвокат | 2 | 1 | 3 |
| Лично искуство | 1 | 2 | 3 |

***Табела 30. Извори на информации за постапката кај жените***

Во однос на утврдениот износ на судски такси предвидени во постапката,од жените најмногу (10) го знаеле точниот износ за такса за предлог, помалку (8) за судска одлука и за увид од судот, а најмалку (7) знаеле за жалба и за еден од двата утврдени износи за геодет (табела 30). Всушност, најмногу од жените не знаеле колку изнесуваат трошоците за геодет (9) и (5) за увид од судот (табела 31).

| Податоци за износите за видовите судски такси | Такса за предлог (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за одлука (В) | | Такса за увид (Г) | | Такса за геодет (Д) | | Вкупно постапки по категорија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г | Д |
| 480 | 6 | 4 | | | 5 | 3 | | | | | 10 | | 8 | | |
| 960 | | | 4 | 3 | | | | | | | | 7 | | | |
| 1 400 | | | | | | | 6 | 2 | | | | | | 8 | |
| 3 520 | | | | | | | | | 2 | 2 | | | | | 4 |
| До 8 310 | | | | | | | | | 2 | 1 | | | | | 3 |
| Не знаат | 1 | 3 | 2 | 4 | 1 | / | 1 | 4 | 3 | 6 | 4 | 6 | 1 | 5 | 9 |
| Не го знаат точниот износ | | 2 | 1 | 2 | 1 | 6 | | 3 | / | / | 2 | 3 | 7 | 3 | / |
| **Вкупно** | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |

***Табела 31. Информираност на жените за висината на судските такси и трошоците во постапката за развод (со 1 се означени жените што водат/воделе, а со 2 тие што ќе водат ваква постапка)***

Жените биле различно информирани за трошоците за адвокат, а повеќето (7) сметале дека ваквиот трошок изнесува до 5.000, три (3) навеле до 8.000, а четири (4) навеле износи од

4.000, 6.000, 7.000 и 9.000 денари. Само две жени не можеле да претпоставаат колку чини едно застапување од адвокат.

Со анализата се опфатени и реалните финансиски можности на жените за плаќање на трошоци во постапката со наод дека ниту една жена не е во можност да плати за сите предвидени трошоци во постапката. Имено, повеќето (14) можеле да платат такса за предлог, а од нив помалку и за останатите судски такси и трошоци вклучени во постапката. Најголемо финансиско оптоварување за повеќето (11) жени биле утврдените трошоци за геодет во износ од 3.520 и 8.310 денари. За плаќање на овој вид трошок не можеле да одредат две (2) жени (табела 32).

| Застапени одговори од жените | Такса за предлог (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за одлука (В) | | Такса за увид (Г) | | Такса за геодет (Д) | | Вкупно постапки по категорија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г | Д |
| 480 | 6 | 8 | | | 4 | 5 | | | | | 14 | | 9 | | |
| 960 | | | 3 | 5 | | | | | | | | 8 | | | |
| 1 400 | | | | | | | 3 | 4 | | | | | | 7 | 3 |
| 3 520 | | | | | | | | | 1 | 2 | | | | | 3 |
| Не можат да платат | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 2 | 4 | 5 | 5 | 6 | 2 | 6 | 5 | 9 | 11 |
| Не можат да одредат | | | 1 | 2 | | 2 | | | 1 | 1 | / | 3 | 2 | / | 2 |
| **Вкупно** | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 7 | 9 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |

***Табела 32. Финансиски можности на жените за плаќање судски трошоци во постапката***

Исто така, повеќето (12) од жените реално немале финансиски можности да платат за адвокатско застапување, а за ваквиот трошок не можела да одреди една жена. Само три (3) жени можеле да издвојат ограничени средства за адвокат, и тоа една само во износ до 3.000 и две (2) до 4.000 денари за едно застапување во судско рочиште.

Анализата е со наод дека предвидените можности за ослободување од судски трошоци ја користеле малку, односно три (3) од вкупно седум (7) жени што ја започнале постапката. Од трите (3) жени, едната ја практикувала можноста за ослободување од трошоци преку МП, а од останатите шест (6) кои постапката ја воделе сами, само две (2) барале од судот да ги ослободи од сите судски трошоци. Останатите четири (4) не барале ослободување од судски трошоци поради итност во постапката,но истовремено имале бесплатна правна помош од ГО за водење на постапката. Во текот на постапката,три (3) жени се соочиле со плаќање на дополнителни трошоци покрај предвидените, од кои едната и покрај водењето на постапката преку МП имала административни и нотарски трошоци за документи потребни во постапката во износ до 1.500 денари,додека останатите две (2), кои сами ја водела постапката,се соочиле со дополнителни трошоци за плаќање на административни такси за издавање документи потребни за постапката, достава на судска покана и за времена мерка забрана за продажба на имот. Од жените, само една била застапувана од адвокат во постапката и за едно

застапување плаќале по 5.000 денари. Утврдивме дека за поведување на постапка жените се соочиле со трошоци кои биле во износ од 600 до 15.000 денари (табела 33).

| Застапени износи кај жените | Потрошени средства |
|---|---|
| 600 МКД | 1 |
| 1.500 МКД | 1 |
| 2.000 МКД | 3 |
| 6.000 МКД | 1 |
| 15.000 МКД | 1 |
| **Вкупно** | 7 |

***Табела 33. Потрошени средства на жените што ја водат/воделе постапката***

Поради плаќањето на трошоци за постапката,од седумте (7) жени, на пет (5) делумно им се променил стандардот на живеење, а на една жена ѝ била загрозена егзистенцијата поради што се откажала од водење на постапката. Постапката сѐ уште се води за пет (5) жени, а била завршена за две (2), кои согласно со судската одлука, едната сама платила за вкупните судски трошоци, а другата подеднакво со спротивната страна.

Во однос на трошоците во постапката, со анализата се опфатени и жените што допрва ќе ја водат постапката од кои дел (4) не можат да проценат за потребните средства, а дел (5) сметаат дека постапката ќе ги чини од 20.000 до 50.000 денари (табела 34). Само две од вкупно девет (9) жени можат да платат услуги за адвокат во износ од 3.000 и 5.000 денари. Во случај трошоците да го променат стандардот на живеење би се откажале четири (4), не знаат три (3), а нема само две (2) жени.

Доколку деветте (9) жени постапката ја водат сами, од нив три (3) ќе бараат од судот ослободување од сите трошоци, три (3) не знаат и три (4) нема да бараат бидејќи не ги исполнуваат законските предуслови.

| Застапени износи кај жените | Потребни средства |
|---|---|
| 20.000 МКД | 2 |
| 30.000 МКД | 1 |
| 40.000 МКД | 1 |
| 50.000 МКД | 1 |
| Не знаат | 4 |
| **Вкупно** | 9 |

***Табела 34. Потребни средства за постапката според жените што ќе ја водат***

Со истражувањето се собрани податоци од жените за стекнатите искуства, односно очекувања од постапката во рамки на понудените одговори како многу мала мера, малку, средно, многу, многу голема мера и не можат да одредат.

Сите жени што водат или воделе (7) постапка за делба на имот се соочиле со стрес како резултат на самиот процес, најчесто во многу голема или голема мера. Само две (2) од жените за кои постапката била завршена се изјасниле за фер на судската постапка,од кои за едната била средно фер, а многу фер за другата и подеднакво сметаат дека исходот бил средно фер и со исходот средно ја надоместиле штетата од направениот проблем. Овие жени сметаат дека исходот вредел средно и многу во однос на потрошените средства, земајќи предвид дека едната сама ги платила вкупните трошоци, додека другата подеднакво со спротивната страна.

За сето ова останатите пет (5) не можат да одредат бидејќи една се откажала од постапката, а сè уште се води за четири (4) жени. Сепак, без оглед до која фаза е постапката, кај сите има негативно влијание и тоа во многу голема мера за повеќето (6), а како многу за една жена (табела 35).

| **Понудени одговори** | **Доживеан стрес** | **Фер судска постапка** | **Фер исход** | **Исходот ја надоместил направената штета** | **Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл.** | **Постапката негативно влијае врз животот** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно | | 1 | 2 | 2 | 1 | |
| Многу | 2 | | | | 1 | 1 |
| Многу голема мера | 5 | 1 | | | | 6 |
| Не можат да одредат | | 5 | 5 | 5 | 5 | |
| **Вкупно** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** |

***Табела 35. Податоци за жените што водат/воделе постапка***

Анализата е со наод дека жените што допрва ќе ја водат постапката имаат различни очекувања, односно една третина во многу голема мера очекува фер судска постапка, фер исход и исходот ќе вреди во многу голема мера во однос на потрошените средства, изгубено време за водење на постапката. За ова одговорите на останатите жени се рангирани како многу, средно и во многу мала мера (табела 36).

| Понудени одговори | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. |
|---|---|---|---|
| Многу мала мера | 1 | 1 | 1 |
| Малку | 1 | 1 | 1 |
| Средно | 2 | 2 | 3 |
| Многу | 2 | 2 | 1 |
| Многу голема мера | 3 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **9** | **9** | **9** |

***Табела 36. Податоци за жените што ќе ја водат постапката***

## Г. ДЕЛБА НА ИМОТ КАДЕ ШТО СЕ СПОРИ СОПСТВЕНОСТА

Многу од жените што претрпеле семејно насилство и покрај подготвеноста да бараат судска заштита за признавање на сопственост од заеднички стекнатиот имот, се соочуваат со ограничен пристап до оваа постапка. Ова е вака поради највисоко определените судски такси и трошоци вклучени во постапката и покрај законските новини за намалените судски такси. Поради ова, постапката се карактеризира како една од најскапите постапки во граѓанскиот правен систем. Ова значи дека жените за да иницираат постапка во зависност од вредноста на имотот, потребно е да платат такса за тужба во износ најмногу до 6.000 денари, за жалба најмногу до 12.000 денари и такса за пресуда најмногу до 6.000 денари. За постапката се предвидени и дополнителни трошоци, како увид од судот во износ од 1.400 денари и трошоци за геодет од најмалку од 3.520 до 8.310 денари.

Постапката ја водат,односно воделе само три (3) жени, а не планираат да ја водат ниту една од категоријата жени што ќе водат постапки.

Спроведеното истражување е со наод дека од трите (3) жени пред да ја поведат постапката, две (2) биле информирани за можноста постапката да ја водат преку Министерството за правда. Ваквата можност ја искористила само една од информираните бидејќи не можела да плати за судски трошоци и не знаела кои документи ѝ се потребни во постапката. Всушност, постапката сами ја воделе две (2) жени,од кои едната не била информирана за постапката преку МП, додека другата иако била информирана, не ја искористила ваквата можност поради итната потреба од постапка и финансиска можност за плаќање адвокат по сопствен избор.

Трите (3) жени пред да ја поведат постапката биле информирани за судските такси, поточно две (2) знаеле за сите видови судски такси и трошоци,а една знаела само за тужба, жалба и за одлука, но не знаела за трошоците за увид од судот и за геодет. За можноста за ослободување од сите судски трошоци преку барање до суд не била информирана една од двете (2) жени кои постапката ја воделе сами, а двете (2) не знаеле за можноста судот да ги задолжи за надоместување на вкупните трошоци, вклучително и за адвокат од спротивната страна во случај на неуспех во постапката. За ова знаела само жената која постапката ја водела преку

МП. Жените за постапката биле информирани од ГО и адвокат,но сите разбрале само делумно.

Спроведеното истражување е со наод дека во однос на утврдените износи за сите судски такси и трошоци во постапката била информирана жената која постапката ја води преку МП. Една од двете (2) жени што постапката ја води сама,не знаела колку точно чини ниту една од судските такси,додека другата знаела дека таксата за тужба и пресуда чинеле најмногу до 6 000 денари, увид од судот чини 1.400 и повисокиот износ за геодет е до 8.310 денари, но не знаела за точниот износ за жалба и пониският износ за геодет од 3.520 денари. Во однос на трошоците за адвокатско застапување,жените сметале дека било потребно да издвојат по 3.000, 6.000 и 7.000 денари за едно судско рочиште.

Во однос на реалните финансиски можности на жените за плаќање на судски трошоци,утврдивме дека не можела да плати жената која постапката ја води преку МП, додека останатите две (2) не можеле да одредат финансиски можности бидејќи имале финансиска помош, една жена од родителите, а другата од пријателка.

Анализата е со наод дека за постапката немала трошоци само жената која ја води преку МП. Таа била само делумно задоволна од обезбедената поддршка од МП бидејќи постапката неоправдано се одолговлекува по вина на адвокатот одобрен од МП. Повторно се наметнува потребата за спроведување на продлабочена анализа за квалитетот на одобрената секундарна правна помош и застапување од страна на овластените адвокати, врз основа на искуството и мислењата на жените што претрпеле семејно насилство. Една од двете (2) жени што сама ја водела постапката, се соочила со плаќање дополнителни трошоци покрај предвидените и тоа за достава на судска покана и времена мерка/забрана за отуѓување на имотот до завршување на постапката. И двете (2) жени биле застапувани од адвокат и плаќале за застапување, едната по 3.000, а другата по 7.000 денари.

Постапката е завршена само за една жена за која судот на крајот одлучил секоја страна да ги плати своите трошоци сторени во постапката. Оваа жена постапката ја чинело вкупно 27.000денари поради што ѝ била загрозена егзистенцијата. За другата жена не била правосилна првостепената пресуда бидејќи била обжалена од спротивната страна. Таа до оваа фаза на постапката за судски и адвокатски трошоци платила околу 100.000 денари, со напомена дека постапката била поведена пред да стапат на сила законските одредби за намалување на судските такси за тужба,жалба и пресуда. Сосема очекувано е дека ваквите трошоци ѝ ја загрозиле егзистенцијата на жената и покрај постојаната финансиска поддршка од нејзина пријателка вработена во Германија.

Анализата е со наод дека сите три (3) жени од водење на постапката доживеале стрес во многу голема мера. Само жената за која била завршена постапката смета дека во средна мера биле фер судската постапка и постигнатиот исход, и во иста средна мера исходот ја надоместил направената штета. Исто така, исходот средно вредел во однос на потрошените средства за водење на постапката. За сето ова другите две (2) жени не можат да одредат бидејќи за нив постапката не е завршена. Постапката имала многу негативно влијание врз животот кај една, а кај другите две (2) во многу голема мера (табела 37).

| Понудени одговори | Доживеан стрес | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. | Постапката негативно влијае врз животот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно | | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| Многу | | | | | | 1 |
| Многу голема мера | 3 | | | | | 2 |
| Не можат да одредат | | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| **Вкупно** | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

***Табела 37. Податоци за жените што ја водат/воделе постапката***

## Д. ПОСТАПКА ЗА ИЗДРШКА

Многу од жените водат постапки по основ на плаќање или промена на еднаш определената издршка за децата, со која биле задолжени нивните поранешни брачни, односно вонбрачни партнери. Во овие постапки жените можат да се соочат со плаќање на судски трошоци што се определуваат во зависност од износот на побараната издршка за период од три месеци. На пример, доколку вкупно побараната издршка за три месеци надминува 15.000 денари, тогаш основна вредност на постапката е 20.000 денари, што значи дека судската такса за тужба изнесува 800 денари, за жалба 1.600 денари и таксата за пресуда е 800 денари.

За постапката по овој правен основ се опфатени вкупно шест (6) жени, од кои четири (4) ја водат, односно воделе и две (2) допрва ќе ја водат.

Специфичен е податокот дека сите жени постапката ја воделе, односно планирале да ја водат сами, иако од нив четири (4) биле информирани за можноста за водење на постапката преку МП. Информираните жени (три ја воделе постапката и една ќе ја води) одлучиле сами да ја водат постапката поради недоверба во институциите и обезбедената бесплатна помош од ГО, а дополнително една и поради итност од постапката. Двете (2) неинформирани жени за можноста преку МП знаеле дека доколку постапката ја водат сами ќе се соочат со потребата од доставување материјални докази потребни за постапката, плаќање судски трошоци, а една знаела и за поднесување на писмен поднесок со тужба до суд.

Жените пред да ја поведат постапката биле информирани за сите видови судски такси и за точно утврдените износи за секоја од таксите посебно, а водено знаеле и за можноста за ослободување од плаќање трошоци преку барање до суд. Исклучок од ова била само една жена која допрва ќе ја води постапката која знае само за такса за тужба и пресуда и само за нив ќе бара ослободување од судот. Единствено оваа жена не знае колку точно ѝ е потребно да плати за тужба, жалба и за пресуда. Во врска со трошоците за адвокатско застапување,

жените навеле повеќе износи и тоа, две 2.000, две жени навеле 3.000, две 5.000 и две 6.000 денари за едно судско рочиште.

Со анализата беа опфатени и финансиските можности на жените за плаќање судски такси,со заклучок дека утврдените судски трошоци биле помалку достапни за жените што ја водат/воделе постапката. Поточно, сите четири (4) можеле да платат 800 денари за тужба, но три (3) можеле да платат800 за пресуда, а две (2) можеле 1.600 денари за жалба. Што се однесува до двете (2) жени што допрва ќе ја водат постапката, согледавме дека утврдените износи за судски такси им биле прифатливи и можеле да платат за сите трошоци, но сепак една од нив планира да бара ослободување од судот за сите судски трошоци. За ослободување од трошоци побарала само една од жените што водат/воделе постапка. Останатите не барале поради итност од постапката,но биле информирани дека не исполнуваат законски предуслови. Сепак,сите четири (4) жени за постапката имале бесплатна правна помош од ГО.

Повеќето од жените(4) биле запознати во случај на неуспех во постапката за можноста со задолжување од судот со вкупни судски трошоци вклучително и за адвокат на спротивната страна. За ова не се сеќаваат дали биле запознати две (2) од жените што ја водат/воделе постапката. Сите жени за постапката биле информирани од ГО, а две (2)кои допрва ќе ја водат постапката биле информирани и од суд. Добиените информации ги разбрале пет (5), а делумно разбрала една жена.

Од анализата може да се изведе заклучок дека ниту една од четирите (4) жени што ја водат/воделе постапката не се соочила со дополнителни трошоци покрај предвидените. Од нив само една постапката ја водела со адвокат и плаќала по 3.000 денари за секое судско рочиште и само таа ја завршила постапката со вкупно 20.000денари, кои на крајот ѝ биле надоместени од спротивната страна согласно со судската одлука. Само на оваа жена поради плаќање на трошоци ѝ бил делумно променет стандардот на живеење.

Потребните средства за водење на постапката според двете жени што допрва ќе ја водат биле наведени во износ од 10.000 и 20.000 денари, но и двете би се откажале од постапката доколку со плаќањето трошоци им се загрози стандардот на живеење. Од двете жени, ниту една нема финансиски можности за да плати постапката да ја води со адвокат.

Со анализата се опфатени и искуствата, односно очекувањата на жените од решавање на проблемот во постапката со понудени одговори рангирани како многу малку, малку, средно, многу, многу голема мера и не можат да одредат.

Истражувањето е со наод дека стресот што го доживеале жените за три (3) бил среден, а многу за една. Две (2) од жените не можеле да ја одредат за фер судската постапка, додека две (2) сметале дека била средно фер. Само една жена за која постапката завршила сметала дека средно фер бил исходот од постапката и средно ја надоместил направената штета, а водено постигнатиот исход средно вредел во однос на потрошените средства за водење на постапката. За ова останатите три (3) сосема очекувано не можеле да одредат, бидејќи не ја завршиле постапката. Постапката негативно влијаела врз жените, многу за една и средно за три (табела 38).

| Понудени одговори | Доживеан стрес | Фер судска постапка | Фер исход | Исходот ја надоместил направената штета | Исходот вреди во однос на потрошени средства, време и сл. | Постапката негативно влијае врз животот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Многу | 1 | | | | | 1 |
| Не можат да одредат | | 2 | 3 | 3 | 3 | |
| **Вкупно** | **4** | **4** | **4** | **4** | **4** | **4** |

***Табела 38. Податоци за жените што ја водат/воделе постапката***

Двете жени што допрва ќе ја водат постапката очекуваат по многу малку и средно фер од судската постапка, фер исход и вредност на исходот во однос на потрошените средства и изгубено време за водење на постапката.

## Ѓ. ПОСТАПКА ЗА СТАРАТЕЛСТВО

Оваа постапка е една од позначајните на жените за судско решавање на проблемот за доверување старателство на деца од брачната, односно вонбрачната заедница. Основната вредност на оваа постапка е определена во износ од 20.000 денари, што значи дека жените за да поведат постапка пред суд потребно е да платат такса за тужба во износ од 800 денари, за жалба од 1.600 денари и такса за пресуда во износ од 800 денари. Во зависност од потребите, во оваа постапка се вклучени и дополнителни трошоци за психијатриско вештачење за родителска подобност, кои можат да бидат во износ од 8 000, 10 000 и 30 000 денари за супервештачење.

За постапка по овој правен основ се опфатени вкупно пет (5), од кои две (2) ја водат/воделе,а допрва ќе ја водат три (3) жени.

Со анализата утврдивме дека за можноста од водење на постапка преку МП биле информирани вкупно три (3) жени, а за ова не знаеле две (2), по една жена од двете категории. Специфичен е податокот дека сите жени постапката ја водат или ќе ја водат сами,вклучително и информираните три (3) кои знаеле за постапката преку МП. Ваквата одлука жените ја донеле поради потребата од итност од судска одлука за постапката, но воедно сите имале обезбедена бесплатна помош од ГО. Покрај наведените причини за индивидуално водење на постапката, дополнително една жена што допрва ќе ја води постапката има можност да плати за правни услуги од адвокат.

Во однос на информираноста за судските такси вклучени во постапката,утврдивме дека жените биле информирани. Само една жена која допрва ќе ја води постапката знае само за тужба,но не знае за жалба, пресуда и за судско вештачење. Исто така,таа не знае и за

можноста за плаќање на вкупни судски трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна во случај на неуспех во постапката.

Сите жени пред да ја поведат постапката биле информирани за можноста да бараат од судот ослободување од плаќање трошоци доколку не сево можност да платат. За постапката жените биле информирани од ГО, а една истовремено и од ЦСР. Добиените информации ги разбрале две (2), а три (3) разбрале делумно.

Во сферата на утврдени трошоци во постапката согледавме дека жените пред ја поведат, биле информирани за точниот износ на судските такси за тужба, жалба и за пресуда. Двата утврдени износи за вештачење и супервештачење го знаеле двете (2) жени што ја воделе постапката, а од жените што ќе ја водат, една не знае,а две (2) не го знаат точниот износ (табела 39).

| Застапени одговори на жените | Такса за тужба (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за пресуда (В) | | Трошоци за вештачење (Г) | | Вкупно постапки по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | А | Б | В | Г |
| 800 | 2 | 3 | | | 2 | 3 | | | 5 | | 5 | |
| 1.600 | | | 2 | 3 | | | | | | 5 | | |
| Најмалку 8.000 | | | | | | | 1 | | | | | 1 |
| Најмногу до 30.000 | | | | | | | 1 | | | | | 1 |
| Не можат да одредат | | | | | | | | 1 | | | | 2 |
| Не знаеле точен износ | | | | | | | | 2 | | | | |
| **Вкупно** | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 5 | 5 | 5 | 5 |

***Табела 39. Информираност на жените за износот на судски такси и трошоци во постапката***

Во однос на потребните средства за застапување од адвокат,три (3) од жените сметаат дека ваквиот трошок изнесува најмногу 6.000 денари, додека две (2) сметаат дека трошокот изнесува од 3.000 и 7.000 денари за едно судско рочиште.

Анализата ги опфати и реалните финансиски можности на жените за плаќање судски такси и трошоци. Заклучокот е дека сите (5) жени биле во можност да платат 800 денари за такса за тужба, од нив три (3) можеле да платат и за жалба од 1.600 и 800 денари за пресуда. Најголемо оптоварување за жените е трошокот за вештачење и за ова не можат да платат повеќето (4), а за ова само една можела да плати 8.000 денари (табела 40).

| Застапени одговори на жените | Такса за тужба (А) | | Такса за жалба (Б) | | Такса за пресуда (В) | | Трошоци за вештачење (Г) | | Вкупно постапки по категорија | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **1** | **2** | **1** | **2** | **1** | **2** | **А** | **Б** | **В** | **Г** |
| 800 | 2 | 3 | | | 1 | 2 | | | **5** | | **3** | |
| 1.600 | | | 1 | 2 | | | | | | **3** | | |
| Најмногу до 8.000 | | | | | | | | 1 | | | | **1** |
| Не можат да платат | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | | **2** | **2** | **4** |
| **Вкупно** | **2** | **3** | **2** | **3** | **2** | **3** | **2** | **3** | **5** | **5** | **5** | **5** |

***Табела 40. Финансиски можности на жените за плаќање судски трошоци во постапката***

Од двете категории на жени само две (2) што ќе ја водат постапката можат да платат за адвокатско застапување, но само во износ до 2.000 денари, односно до 4.000 денари за едно застапување во судско рочиште.

Истражувањето е со наод дека покрај предвидените ниту една од двете жени што ја започнале постапката не се соочила со дополнителни трошоци. Овие жени немале адвокат во постапката, а од нив само една барала и била ослободена од судот од плаќање за тужба, жалба и пресуда. Само едната од двете жени за иницирање на постапката платила 800 денари за тужба и поради ваквиот трошок не ѝ бил променет стандардот не живеење. Постапката не била завршена за ниту една од жените.

Од жените што ќе водат постапка, само една смета дека биле потребни 3 000 денари до донесување судска пресуда за постапката. Сите три (3) што планираат допрва да ја водат постапката  во случај судските трошоци да го загрозат стандардот на живеење ќе се откажат пред да заврши.

Анализата е со наод дека двете (2) жени што ја водат постапката искусиле многу стрес, кој за другата бил и во многу голема мера. За жените е сосема очекуван наодот дека не можеле да ја одредат за фер судската постапка, ниту пак имало фер исход, како и за исходот во која мера ја надоместил направената штета со вредност во однос на потрошените средства бидејќи за нив постапката не била завршена. Постапката имала многу негативно влијание и за двете жени.

Жените што допрва ќе ја водат постапката сите во голема мера очекуваат фер судска постапка и фер постигнат исход. Исто така очекуваат дека исходот ќе вреди многу,односно средно во однос на потрошените средства, изгубеното време за постапката.

## Е. ПОСТАПКА ЗА ИСЕЛУВАЊЕ ОД СЕМЕЈНИОТ ДОМ

Неретко жените се соочуваат и со проблем на иселување на брачниот, односно вонбрачниот партнер од домот што е во нивна лична сопственост. За судска заштита на правото на лична сопственост, жените во постапката може да се соочат со плаќање трошоци за судска такса за тужба во износ од 1.200 денари, за жалба 2 400 денари и за пресуда во износ од 1.200 денари, пресметани од основната вредност на постапката која изнесува 40.000 денари.

Со анализата за постапката по овој правен основ се опфатени само четири (4) жени што допрва ќе ја водат постапката, а не ја води ниту една жена од категоријата водат/воделе постапки. Само една од четирите (4) жени знаела за можноста постапката да ја води преку МП и дека за ваквиот начин е потребно поднесување на барање за одобрување бесплатна правна помош до подрачните одделенија на МП. За карактеристиките на постапката доколку жените сами ја водат, сите знаеле за потребата од доставување материјални докази, додека три (3) сметале дека е потребно ангажирање на адвокат во постапката. Само една жена навела дека плаќањето за судски трошоци е карактеристично за водење на постапката во случај сама да ја води.

Жените биле запознати со сите видови на судски такси вклучени во постапката,со исклучок на една која знаела само за тужба, но не и за жалба и пресуда. Од четирите (4) жени само две (2) знаеле за можноста да бараат од судот да ги ослободи од сите судски трошоци. Во случај на неуспех во постапката, три (3) жени не знаеле за можноста од судот да бидат задолжени со вкупни трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна. За ова една жена сметала дека не постои ваква можност.

Информациите за постапката три (3) жени ги добиле од ГО, а една од суд, адвокат и пријатели. Две (2) жени ги разбрале информациите, додека делумно и не ги разбрала биле за другите две жени.

Во однос на точно утврдените износи за сите судски такси,била информирана само една жена, додека две (2) не ги знаеле точните износи, а една жена не можела да претпостави колку чинат судските такси во постапката. Во однос на трошоците за едно застапување од адвокат, две (2) сметале дека чини 6.000 денари,а другите две (2) дека чини 4.000 и 5.000 денари. Две (2) жени планирале да поднесат барање до судот за ослободување од сите трошоци во постапката, а две (2) не знаеле дали ќе ја користат ваквата можност.

Во однос на финансиските можности на жените за плаќање трошоци утврдивме дека ниту една од нив не е во можност да плати за сите предвидени такси. За ова една не може да одреди финансиски можности, додека една не може да плати за ниту една од вклучените судски такси. Останатите две (2) жени може да платат за тужба 1.200 денари,но не може за жалба во износ до 2.400 денари, а една не може да плати и за пресуда од 1.200 денари.

Само една од жените може да издвои парични средства за адвокат и тоа најмногу до 3 000денариза едно застапување, а за ова не може да платат две (2) и една не може да одреди реални финансиски можности. За вкупно потребните средства за постапката до донесување на судска одлука не може да претпостават две жени, а една смета дека вкупниот трошок ќе достигне до 30.000 денари. Само жената што планира постапката да ја води преку МП смета дека нема да се соочи со плаќање трошоци.

Карактеристично за жените во постапката е наодот дека дури и во случај плаќањето за судски трошоци да им го промени стандардот на живеење, сепак  ниту една од нив нема да се откаже од водење на постапката сѐ дури не заврши со судска пресуда.

Од анализата се заклучува дека од аспект на предвидената можност за водење на постапката бесплатно и со адвокат преку МП ќе ја користи само една од жените заради ослободување од плаќање на вкупните судски трошоци.  Две (2) жени поради итност од судска одлука планираат постапката да ја водат сами, но истовремено со бесплатна помош од ГО и ќе бараат од судот ослободување од сите судски трошоци. Една жена не знае која можност ќе ја користи за водење на постапката.

Карактеристично за постапката е наодот за жените што допрва ќе ја водат постапката дека сите очекуваат судската постапка и исходот да бидат фер во многу голема мера.  Исто така, три (3) од жените очекуваат дека во многу голема мера ќе вреди исходот постигнат од постапката во однос на потрошените средства и изгубено време за водење на постапката. За ова не може да одреди една жена.

## Ж.  ПРИБРАНИ ПОДАТОЦИ ОД ДРУГИ АСПЕКТИ

Приближно половина (21) од жените знаат за сите потребни документи за ослободување од судски трошоци преку суд со тоа што мнозинството (16) се жени што водат,односно воделе постапки. Помал дел (8) од жените не знаат за ниту еден од потребните документи за ослободување од плаќање трошоци преку барање до надлежен суд. Од двете категории на жени, помалку биле информирани жените што допрва ќе водат постапки (табела 41).

| Потребни документи | Водат/воделе | Ќе водат | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Потврда за остварени приходи | 4 | 4 | 8 |
| Потврда за невработеност | 5 | 4 | 9 |
| Потврда за користење социјална помош | | 3 | 3 |
| Сите три наведени | 16 | 5 | 21 |
| Не знам | 3 | 5 | 8 |
| Не се сеќавам | / | 1 | 1 |

***Табела 41. Информираност на жените за потребната документација за ослободување од судски трошоци (можни се повеќе одговори)***

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Анализата е со генерален заклучок дека иако за жените што претрпеле семејно насилство е воспоставена сосема доволна правна рамка која обезбедува пристап до информации и совети (примарна правна помош) и до адвокат (секундарна правна помош) преку новиот Закон за бесплатна правна помош, сепак потребно е негово усогласување со законските одредби за парничната постапка кои се однесуваат на ослободување од плаќање трошоци во постапките, т.н. сиромашко право. Дополнително отсуствува постоење на добро промовиран и ефикасен систем за зајакнување на правната свест и информираност на жените во однос на предвидените законски можности за правна помош и ослободување од судски трошоци, а со цел да ги применат во судските постапки што ги водат. Загрижува квалитетот на обезбедена бесплатна правна помош и адвокатско застапување согласно со ЗБПП, со оглед на тоа што жените што имале вакво искуство главно не се задоволни од работата на овластените адвокати. Од друга страна, граѓанските организации продолжуваат да ја обезбедуваат неопходната правна помош за жените што самите ги водат постапките за решавање на проблемите со кои се соочуваат.

Жените што претрпеле семејно насилство сметаат дека државата мора да пронајде решение за надминување на пречките што им го отежнуваат пристапот до ефикасна судска заштита на нивните права, кои покрај стравот од соочување со насилникот, недостигот на финансиски средства за водење на постапките, но и правната неукост за постапките, се едни од главните причини поради што се откажуваат, односно и покрај потребата не водат останати судски постапки. Невработеноста кај половина од жените и немањето лични приходи ги оневозможува полесно да дојдат до правдата што ја бараат. Со други зборови, финансиската моќ на жените за плаќање судски такси и трошоци има влијание врз брзината на донесување на одлука за начинот на поведување на судска постапка за решавање на проблемите со кои се соочиле, односно водење на постапките со стручна помош преку надлежните институции, или пак сами со можност да ангажираат адвокат по сопствен избор.

Во делот што следува се образложени клучните наоди од постапките што ги воделе жените што претрпеле семејно насилство, како и посебните заклучоци за секоја постапка посебно во однос на жените што воделе или ќе водат одредена постапка пред надлежните судови.

## СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ Е СО СЛЕДНИВЕ КЛУЧНИ НАОДИ:

- Најголем процент со 91,7 % од вкупниот број на жени водат, односно воделе постапки за привремени мерки за заштита (ПМЗ) и развод на брак. Помал процент од жените воделе и имотни спорови и тоа 29,2 % делба на имот стекнат во брак каде што не се спори сопственоста, 12,5 % делба на имот стекнат во брак каде што се спори сопственоста и 8,3 % иселување од домот. Дел од жените со 12,5 % воделе постапка за плаќање издршка за деца и 8,3 % доверување старателство за деца.
- Од водењето на потребните постапки, најмногу, дури половина од жените, 54,2 %, се откажале од поведена постапка за ПМЗ. Само една од жените се откажала од делба на имот каде што не се спори сопственоста.

- Од сферата на предвидени можности за помош и поддршка на жените во водење на потребните судски постапки, поддршката од ЦСР ја користеле сите жени во постапката за ПМЗ. Можноста за жените како евидентирани жртви на семејно насилство или како социјално загрозени да ги водат бесплатно останатите видови судски постапки преку Министерството за правда ја користеле во многу помал процент, односно само 18,2 % во постапка за развод и со по 14,3 % во двете постапки за делба на имот стекнат во брак.

- Од сите опфатени постапки по семејни спорови, во постапката за ПМЗ, односно 72,7 % не биле информирани за можноста за водење на постапката преку МП, додека 60 % не знаеле за можноста сами да поднесат писмен предлог за ПМЗ до суд. Исто така, 66,7 % од жените не биле информирани за можноста да остварат бесплатна правна помош преку МП во постапката за развод, вклучително со адвокатско застапување. Жените што ги воделе останатите видови постапки биле информирани за можноста преку МП и од нив помалку се одлучиле на ваков начин да ги водат постапките и тоа невработените што не можеле да платат за судски трошоци, а ниту една по основ на евидентирана жртва на семејно насилство.

- Жените што ја практикувале помошта од ЦСР, односно од МП во постапките штоги воделе, не се соочиле со плаќање трошоци за судски такси вклучени во постапките. Исклучок од ова се мал дел од жените што се соочиле со трошоци за прибирање документација потребна за постапките што ги воделе.

- Повеќе од половина (55 %) од жените што ги воделе постапките преку ЦСР и МП не се задоволни од обезбедената стручна помош поради повеќе причини од кои најмногу е застапена причината за бавното постапување на институциите по претходно обраќање и отсуство на информирање за нивните права во постапките и соодветно застапување и заштита на нивните интереси.

- Од сите видови постапки, најголем процент од жените, 82 %, сметале дека не биле во состојба сами да ја водат постапката за ПМЗ поради повеќе причини, а речиси сите поради страв од соочување со насилникот и неинформираност во врска со документите потребни за постапката.

- Информираноста на жените за сите судски такси вклучени во секоја од постапките што ги воделе е најмала 25 % во постапката за ПМЗ, поголема со 42 % во постапката за развод и е зголемена за над 50 % во останатите постапки во кои помал процент од жените не знаеле претежно и за судска такса за жалба.

- За можноста за ослободување од плаќање трошоци преку надлежен суд за сите вклучени такси во постапките доколку жените ги водат сами, најмалку 30 % биле информирани во постапката за ПМЗ. Заедничка карактеристика за мнозинството од жените (над 80 %) без оглед на постапките што ги воделе, а во случај на нивен неуспех е дека не биле информирани за плаќање вкупни судски трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна согласно со судската одлука.

- Утврдените трошоци за судските такси вклучени во постапките се најмногу непознати за повеќе од половината од жените во постапка за ПМЗ. Во останатите постапки, жените биле поинформирани, односно околу половина знаеле за точниот износ за судска такса за тужба,

жалба и за пресуда, а не знаеле претежно за дополнителните трошоци покрај предвидените, како што се судско вештачење, геодет итн.

- Жените за постапките што ги воделе се информирале од повеќе извори, а најмногу од ГО, а многу помалку од институции (ЦСР, суд), адвокати и пријатели.

- Утврдените износи на трошоци за судските такси за тужба, жалба и за пресуда биле достапни и прифатливи за околу половина од жените во постапките што ги воделе, со исклучок на постапката за делба на имот каде што се спори сопственоста. Најголемо финансиско оптоварување за жените било плаќањето на дополнителните трошоци, како што се судско вештачење, геодет, а особено трошоците сторени во отсуство на спротивната страна (достава на судска покана, привремен адвокатски застапник итн.).

- Мнозинството од жените постапките ги воделе сами, со исклучок на ПМЗ. Во ваков случај, малку од жените барале од судот ослободување од трошоци согласно со законските одредби за судски такси и парнична постапка. Конкретно, 82 % од жените сами воделе развод, а од нив 39 % барале ослободување од плаќање за судски такси. Исто така 86 % сами воделе делба на имот каде што не се спори сопственоста и од нив 33 % побарале ослободување од судски трошоци, а приближно иста е состојбата и во останатите постапки. Исклучок од ова е постапката за делба на имот каде што се спори сопственоста во која една од жените бидејќи не можела да плати за судски трошоци постапката ја водела преку МП, додека останатите две иако немале, сепак не барале ослободување од трошоци и постапката ја воделе со финансиска помош од родителите.

- Повеќето од жените (над 60 %) немале финансиски можности да платат за застапување од адвокат. Што се однесува до останатите, еден дел не можеле да одредат бидејќи имале финансиска поддршка од семејството, додека другиот дел од жените, повеќето биле во можност да издвојат најмногу до 3 000 денари за застапување во едно судско рочиште.

- Плаќањето за судски трошоци во постапките има влијание врз стандардот на живеење кај жените со тоа што за повеќето е делумно променет и ја загрозил егзистенцијата кај помал процент од жените, конкретно во постапката за развод и делба на имот, кои со цел да ги завршат постапките биле принудени да платат вкупни трошоци сторени во отсуство на спротивната страна.

- Информираноста на жените за судските одлуки за плаќање сторени трошоци во постапките е најмала во постапка за ПМЗ, делумно поради поддршката од ЦСР а делумно поради откажување од постапката.

- Жените што ги завршиле постапките сами или со помош на адвокат, половина платиле за судски трошоци подеднакво со спротивната страна, односно секоја страна своите трошоци сторени во постапката. Малку од жените биле задолжени со вкупни трошоци во отсуство на спротивната страна.

- Жените што ги воделе постапките сами или ангажирале адвокат, сите добиле бесплатна правна помош од ГО.

-

## ПОСЕБНИ НАОДИ ЗА СЕКОЈА ПОСТАПКА

**А. Привремени мерки за заштита – ПМЗ**

- Речиси сите жени се информирани за можноста за водење на постапката преку ЦСР; помал дел од нив знаат за можноста за ослободување од трошоци преку поднесување на барање лично до судот; а најмалку се запознати со можноста за бесплатно водење на постапката, вклучително со адвокатско застапување преку Министерството за правда.

- Повеќето жени постапката ја водат преку ЦСР бидејќи биле информирани дека е надлежна и стручна институција да постапува по проблем за семејно насилство. Впрочем, ЦСР е институцијата каде што најчесто се обраќаат за решавање на проблемот со насилството и другите правни проблеми, како што се развод, старателство, издршка и др.

- Повеќето жени што ја започнале постапката преку ЦСР не се соочиле со плаќање на дополнителни трошоци во постапката за изрекување на ПМЗ.

- Загрижува тоа што половина од жените се откажале пред да заврши постапката за изрекување на ПМЗ, додека мнозинството жени не се задоволни од поддршката на ЦСР во постапката поради бавно постапување по пријава за семејно насилство, не биле консултирани како за предлагањето така и за повлекување на мерките, а дел од жените и поради неконтинуирано постапување по следни пријави за повторено семејно насилство.

- Трошоците за судските такси вклучени во постапката иако се прифатливи и достапни за повеќето жени, сепак сите сметаат дека не се во состојба сами да ја водат постапката бидејќи се правно неуки и стравуваат сами да се соочат со насилникот за време на судските рочишта.

- Претежно сите жени немаат претходно судско искуство, бидејќи од постапките првенствено почнуваат со ПМЗ, па претпоставуваме дека ова е една од можните причини за големата неинформираност за вклучените судски такси со точните износи за секоја посебно и за ослободување од судските трошоци од предвидените можности.

**Б. Развод**

- Повеќето од жените се информирани за можноста за ослободување од судски трошоци, преку барање до судот лично, додека само третина од жените се информирани дека како евидентирани жртви на семејно насилство можат постапката да ја водат бесплатно преку МП, вклучително и со застапување од адвокат.

- Следствено, повеќето жени постапката ја водат сами,при што дел од нив добиле правна помош од ГО, додека помал дел ангажирале адвокат. Мал број од информираните жени ја користеле можноста за постапка преку МП.

- Жените што ја воделе постапката преку МП не се соочиле со плаќање трошоци, меѓутоа се незадоволни од услугите на одобрениот адвокат,бидејќи неоправдано одолговлекувал

со постапката и не им укажал за правата во однос на издршката за деца и за необезбеден брачен партнер.

- Повеќето жени се информирани за судските такси и трошоци,а најмногу се неинформирани за утврдените трошоци за вештачење и супервештачење.
- Мнозинството жени немаат финансиски можности за да платат за сите судски такси и трошоци, а најголемо финансиско оптоварување се трошоците за судско вештачење.
- Земајќи го значењето на бракоразводната постапка во однос на решавањето на сите проблеми поврзани со семејното насилство, жените не се откажуваат од постапката,а повеќето дури и во случај кога плаќањето на судските трошоци им ја загрозува егзистенцијата.
- Малку жени имале дополнителни трошоци за достава на судска покана, објавување на судски оглас и за поставување привремен адвокатски застапник поради отсуство, односно недостапност од спротивната страна.
- Многу малку жени постапката ја водат со адвокат и за ваквиот трошок се во можност да издвојат до 3.000 денари за едно застапување.
- Жените не се информирани дека доколку не успеат за постапката, судот може да ги задолжи со вкупни судски трошоци и за адвокат на спротивната страна.

**В. Имотни спорови – делба на имот каде што не се спори сопственоста, делба на имот каде што се спори сопственоста и иселување од домот**

- Постапката за делба на имотот каде што се спори сопственоста со утврдените трошоци за судски такси и покрај повеќекратно намалување, се карактеризира како најскапа од сите видови судски постапки.
- Карактеристично за имотните спорови е што жените се информирани за судските такси и трошоци, вклучително и со можноста за ослободување преку судот,што делумно е очекувано земајќи го предвид претходното искуство од постапките за развод, ПМЗ итн. Малку жени се запознати со можноста за водење на постапките преку МП.
- Мал дел од жените што се информирани за можноста да ја водат постапката преку МП, ги воделе, односно ќе ги водат на ваков начин постапките за делба на имот, бидејќи немаат доверба во институциите и во правните услуги од одобрениот адвокат.
- Од друга страна, жените што самите ги водат постапките, лично немаат доволно финансиски средства за судски трошоци, па повеќето ги водат со парична помош од семејствата и пријателите и повеќето се обидуваат да ги завршат дури и кога трошоците им ја загрозуваат егзистенцијата. Дел од жените што не можат самите да ги водат постапките се потпираат на правната помош од ГО, додека истовремено бараат од судот ослободување од судски трошоци.

**Г. Издршка и старателство**

- Постапките за издршка и старателство за малолетните деца претежно ги водат жени што имаат деца од вонбрачна заедница, а помалку за промена на претходна судска одлука.
- Повеќе од жените се информирани за можноста за ослободување од трошоци преку суд, а помалку преку МП. Притоа, жените претежно се информирани за трошоци за тужба и пресуда, но помалку знаат за жалба.
- Половина од жените можат да платат само трошоци за тужба и пресуда, а повеќето не можат да платат за жалба и судско вештачење.
- Речиси сите жени се подготвени да ги завршат постапките со судска пресуда дури и во случај трошоците да им ја загрозат егзистенцијата.

## ПРЕПОРАКИ

- Да се воспостави ефикасен систем за промовирање на правната рамка која предвидува различни можности за обезбедување на правна помош и ослободување од судските трошоци, како што се користење на секундарна правна помош преку Министерството за правда, односно поднесување на барање за ослободување од трошоците лично до судот.
- Потребно е жените што претрпеле семејно насилство да се информираат за висината на судските такси и трошоци во секоја од постапките поврзани со решавање на правните проблеми со кои се соочуваат: ПМЗ, развод на брак, старателство, издршка, надомест на штета, имотни спорови итн.
- Потребно е доуредување на законските одредби на парничната постапка кои се однесуваат на ослободување од плаќање трошоци на постапката, т.н. сиромашко право.
- Министерството за правда (МП) да воспостави систем за проценка на квалитетот на обезбедена секундарна правна помош од страна на овластените адвокати, врз основа на искуствата на жените што претрпеле семејно насилство корисници на одобрената правна помош. Следствено, да се воспостави надзор и контрола во постапувањето на овластените даватели на стручна правна помош.
- Министерството за труд и социјална политика (МТСП) да воспостави систем за редовно мерење на задоволството на жените што претрпеле семејно насилство од различните мерки за заштита или услуги што ги обезбедува ЦСР, со фокус на постапката за предлагање на ПМЗ. Да се направи детална проценка на квалитетот на работа на ЦСР во постапката за изрекување на ПМЗ врз основа на искуствата на жените што претрпеле семејно насилство и да се предвидат мерки за зголемување на ефикасноста и квалитетот на обезбедена помош и поддршка во предметите од ваков вид.

– Да се утврди временска рамка, односно прецизни законски рокови за постапките што ги водат жените што претрпеле семејно насилство.

– Да се намалат дополнителните судски трошоци покрај предвидените судски такси во сите постапки по семејни спорови.

– Да се укинат судските трошоци и за жените што не се евидентирани како жртви на семејно насилство бидејќи неретко не се подготвени да го пријават насилникот или пак се откажуваат и ја повлекуваат пријавата.

– Да се укине можноста за донесување судски одлуки со кои жените се задолжуваат со вкупни судски трошоци, вклучително и за адвокат на спротивната страна и во случај да не успеат во постапките.

– Да се укине можноста за донесување судски одлуки за плаќање вкупни трошоци првенствено од жените, а потоа да ги надоместат од спротивната страна која најчесто одбива да плати.

– Да се укинат судските трошоци за жените направени поради отсуство на спротивната страна, а претежно за поставување привремен адвокатски застапник како главна финансиски причина за откажување од постапките.

– Да се овозможи итно, едноставно и бесплатно иницирање на постапките пред надлежен суд поради потребата од брзи судски одлуки.

– Да се овозможи бесплатно ангажирање адвокат по сопствен избор.

– Да се воведе контролен механизам во постапувањето на овластените давателите на бесплатна стручна правна помош која е од витално значење за заштита на правата на жртвите на семејно насилство.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАИ

Анализата презентира студија на случаи на две жени што воделе и за една која допрва ќе води постапки по семејни спорови, како последица на проблем со претрпено семејно насилство. Студијата на секој од трите случаи е поделена на два дела. Првиот дел ги прикажува критериумите за изборот на случаи, а вториот навлегува во специфичноста на случајот, во однос на решавање на правните проблеми согласно со постојните законски можности и правни практики. Критериумот за изборот на случаи е направен врз повеќе параметри со цел да илустрираат различни животни ситуации со типични проблеми со кои се опфатени еден поголем, репрезентативен примерок на жени, кои воедно се и репрезенти за различна припадност според општествено-социјалниот статус и културно-религиските карактеристики со различни финансиска моќ, кои се важен интегрален дел од животот. Трите одбрани случаи се индивидуални и специфични примери, кои овозможуваат преку презентираните искуства на жените да се воочат произлезените заклучоци од оваа анализа за влијанието на трошоците на судските такси кај жените со можностите,односно пречките при обидот да го уживаат

правото на правна помош и поддршка во потребните постапки за решавање на правните проблеми со кои се соочуваат.

**Првиот случај** е пример кој презентира искуство за типичните правни проблеми на жените во брак, кои имаат малолетни деца и со насилникот стекнале заеднички имот. Конкретниов случај посочува на повеќе фактори кои имаат влијание при водење на потребните судски постапки, како што се финансиските можности за плаќање судски трошоци кај вработените жени и влијанието од потрошените финансиски средства врз стандардот на живеење, искуства од постапувањето на институциите и судовите и отсуство на координирана меѓуинституционална соработка при проблем со семејно насилство.

С.И. по националност е Македонка, има 37 година, завршила високо образование и како вработена има месечни приходи до 23.000,00 денари. Таа била жртва на семејно насилство од сопругот со кого има едно малолетно дете. Во декември 2020 година побара правна поддршка од ЕСЕ во претходно покрената постапка за одземање на родителско право врз малолетно дете.

Пред овој период, С.И. истовремено водела постапки за ПМЗ и развод на брак со доверување на старателство и издршка за малолетно дете, а потоа за делба на имот каде што се спори сопственоста и постапка за зголемување на претходно судски определената издршка за дете.

С.И. при проблемот со насилството од сопругот единствено знаела за пријавување во ЦСР како надлежна институција да предлага ПМЗ до суд. Жената тогаш била судски неискусна и имала потполна доверба во стручниот тим на ЦСР за застапување на нејзините права во постапката за ПМЗ. Таа заедно со малолетниот син го напуштила семејниот дом и ангажирала адвокат за покренување на постапка за развод. Сепак и по разделениот живот со сопругот, тој извршил физичко насилство врз малолетниот син за време на нивните непосредни средби. Иако С.И. навремено го пријавувала насилството, сепак ЦСР бавно и неконтинуирано постапувал со преземање мерки за заштита од насилството дури и кога била загрозена безбедноста на детето. Поточно, постапувањето на ЦСР по следните пријави се одвивало со поднесување на предлог за ПМЗ до суд,па истиот го повлекол, па повторно поднесол предлог за ПМЗ а за сето ова ниту била побарана согласност од жената ниту пак била консултирана за предложените мерки.

С.И. е потполно незадоволна од правната помош на ЦСР бидејќи ваквото постапување е несфатливо земајќи предвид дека стручниот тим бил навремено упатен и информиран за правосилната кривична пресуда со која таткото бил прогласен за виновен за стореното насилство врз малолетниот син, а воедно била донесена првостепена пресуда за одземање на родителско право врз дете, која потоа насилникот ја обжалил. Во период од половина година, односно до февруари 2021 г., од кога е правосилна судската одлука за одземање на родителското право на таткото, С.И. била под постојани притисоци и опомени со кривична пријава, како од ЦСР така и од полицијата бидејќи не придонела за ревоспоставување на емотивната врска на синот со таткото.

Што се однесува до сите останати постапки, С.И. ги водела со помош на адвокат кој само делумно ја запознал со судските такси и трошоците во постапките што ги водела.

Постапката за развод С.И. по предлог на адвокатот ја завршила спогодбено и во однос на издршката за детето која била определена во износ од 3.000 денари месечно, а со која бил задолжен да ја плаќа таткото на малолетниот син. Во однос на трошоците, судот одлучил секоја страна сама да ги плати сторените трошоци во постапката, па С.И. постапката ја чинело околу 25.000 денари, вклучително и за услуги на адвокатот по 3 000денариза едно судско рочиште.

Приближно во идентична состојба С.И. ги водела и останатите постапки со тоа што постапката за делба на имот стекнат во брак во која се спорела сопственоста ја завршила спогодбено и ја чинело 27.000 денари, за зголемување на претходно судски определената издршка платила 20.000 денари,а најмногу платила во постапката за одземање на родителско право и тоа 73.000 денари и единствено овие средства ѝ биле надоместени од спротивната страна согласно со судската одлука.

С.И. за судско решавање на правните проблеми како последица на семејното насилство ѝ бил потребен временски период од јануари 2019 г. До февруари 2021 година,а вкупно за судски трошоци платила околу 145 000денари. Таа смета дека не била во состојба ниту една од постапките да ги води сама, без адвокат и финансиска поддршка од родителите. Трошоците од постапките ѝ ја загрозиле егзистенцијата, а најголем стрес доживеала во постапка за ПМЗ и одземање на родителско право. Според С.И. сите судски постапки и исходот од постапките биле средно фер, но во многу мала мера исходот ја надоместил штета од направениот проблем.

**Вториот случај е** репрезент за невработените жени, кои и покрај подготвеноста да бараат судска заштита за своите права и интереси, се соочуваат со многу пречки, покрај финансиските. Тие и не можат да ги завршат започнатите постапки по семејни спорови поради неоправдано одолговлекување од страна на насилникот кој е со вкоренети традиционални сфаќања за доминантната улога на мажот и подредената положба на жената, во однос на старателството на децата и сопственоста на имотот, дури и по разделениот живот. Конкретниов случај презентира искуство за зголемување на судските трошоци со дополнителни трошоци во текот на постапката, што практично е неможност за невработените жени да ја завршат постапката доколку немаат финансиска поддршка или се неинфромирани за можноста постапките да ги водат бесплатно преку Министерството за правда.

А.И. по националност е Албанка, има 37 години, нема завршено основно образование, таа е невработена и мајка на пет деца од кои три се малолетни. Долготрајното физичко насилство од сопругот одлучила да го пријави во ЦСР во јануари 2018 година. По овој период, а поради бавното постапување на ЦСР по пријавата за семејно насилство, А.И. го напуштила домот заедно со трите малолетни деца. Таа ја немала поддршката од родителите и семејството за справување со насилството од сопругот,но сепак финансиска помош добивала од нејзина пријателка вработена во Германија. На ваков начин А.И. успеала за себе и за своите деца да изнајми стан и да започне со судските постапки за развод со доверување старателство и издршка за децата, делба на имот стекнат во брак каде што се спори сопственоста, покрај постапката за ПМЗ преку ЦСР.

А.И. и покрај поддршката од ЦСР во постапката за ПМЗ, сепак имала трошоци од 1.000 денари за издавање потврди за пријавено насилство во полиција и за извештај од здравствена установа во врска со нанесените повреди од семејното насилство. Таа не е задоволна од правната помош на ЦСР бидејќи поради бавното постапување на стручниот тим била принудена да го напушти домот кој бил стекнат за време на брачниот живот. Под вакви околности,подоцна судски изречените мерки немала ефикасно влијание за заштитана жената и нејзините малолетни деца. Впрочем, таа пред да ја поведе постапката не знаела за можноста да ја води сама или со помош на адвокат.

Поради недоверба и незадоволство од ЦСР како надлежна институција за поддршка на жртвите на семејно насилство, оваа жена подоцна не се обратила за остварување на бесплатна правна помош со адвокатско застапување преку МП во постапката за развод на брак и делба на брачниот имот. Таа иако не можела да одреди финансиска можност за плаќање судски трошоци бидејќи зависела од хуманоста на нејзината пријателка, сепак ги започнала и двете со адвокат за кој плаќала по 6.000 денари за застапување во едно судско рочиште. И во двете постапки, судските трошоци покрај предвидените дополнително се зголемиле за доставување судска покана, објавување судски оглас и поставување привремен адвокатски застапник за спротивната страна која била недостапна за судот. Покрај наведените, во постапката за делба на брачниот имот имала и дополнителен трошок за времена мерка со забрана за продажба или отуѓување на имотот, како и трошоци за увид од судот и за геодет.

Постапката за разводот А.И. ја чинело приближно 72.000 денари кои не е во можност да ги поврати од спротивната страна согласно со судската одлука за надоместок. Во однос на трошоците за делба на брачниот имот, достигнале дури до 100 000 денари,а против првостепената пресуда е поднесена жалба од привремениот застапник на поранешниот сопруг. Конкретно за постапката бевме информирани дека била иницирана во периодот пред да се применуваат намалените судски такси што сега за имотните спорови се лимитирани до најмногу 6.000 денари за тужба и пресуда и 12 000денари за жалба без оглед на вредноста на имотот што е предмет во постапката.

А.И. од стекнатото искуство нема доверба од поддршка на институциите ниту пак од судовите поради долготрајноста и одолговлекувањето на постапките што ги водела. Смета дека не била во можност да ги води сама, а дури ни со адвокат да ги заврши,па затоа и дополнително за правни совети се обрати во ЕСЕ на почетокот на 2021 година. За неа доживеаниот стрес во постапките бил многу голем и смета дека исходот од постапките не ја надоместува штетата од проблемот и не може да одреди колку вреди во однос на потрошените средства кои, иако е во тек делбата на брачниот имот,достигнале дури 172.000 денари, а во меѓувреме трошоците за живот неоправдано ѝ се зголемени и за плаќање кирија за стан.

**Третиот случај** е репрезент за жените што покрај претрпеното насилство од вонбрачен партнер, селектира и типични проблеми околу доверувањето на старателството на децата, а не ретко и проблеми со заштита на личната сопственост. Конкретниов случај презентира искуство за предизвиците и пречките на жените што ги одвраќаат од водење на потребните судски постапки и покрај финансиските можности да платат за судските трошоци.

**М.К.** по националност е Србинка на возраст од 44 години и завршила средно образование. Таа е вработена со месечни приходи до 30.000 денари и е мајка на малолетна ќерка од вонбрачна заедница со странски државјанин. Сите заедно живеат во нејзин сопствен стан.

М.К. во август 2021 г. се обрати за правен совет во ЕСЕ за проблемот со семејното насилство од вонбрачниот партнер. Изјави дека насилството од партнерот го пријавила во ЦСР и од него е незадоволна бидејќи насилникот не го отстраниле од нејзиниот дом,туку ѝ понудиле заштита со сместување во шелтер центар, кое не го прифатила.

Од периодот на пријавувањето М.К. се соочува со притисоци од насилникот за повлекување на согласноста за негово кривично гонење, со закани дека во спротивно ќе ја обвини за вршење психичко насилство со закана за употреба на огнено оружје, имајќи предвид дека како вработена во полиција поседува службен пиштол. Во меѓувреме насилникот одбива да се исели од нејзиниот дом.

Оваа жена и покрај потребата, не знае дали ќе продолжи со постапка за ПМЗ и кривичен прогон на партнерот бидејќи не верува дека институциите ќе обезбедат заштита за неа и за нејзината ќерка. Таа особено стравува од заканите на партнерот во однос на доверувањето на старателството на ќерката, но сепак е подготвена да води постапки за старателство и иселување и планира да ангажира сопствен адвокат.

М.К. не е запозната со трошоците за судски такси во постапките што ќе ги води, ниту пак знае колку средства ѝ се потребни за плаќање судски трошоци, вклучително и за адвокат.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД СТУДИИТЕ НА СЛУЧАЈ

Резултатите што се добиваат од студијата на случај укажуваат на животни ситуации што ги надминуваат капацитетите на жените за успешно завршување на потребните постапки по семејни спорови, доколку не им се обезбеди бесплатна правна помош и поддршка. Во анализата на трите случаи жените имаат лична карактеристика за упорност во обидот за судско решение на проблемите и издржливост за пречките со кои се соочуваат до завршување на постапките. Студијата на случај придонесува за градење на предизвикот на државата да го елиминира ризикот жените да се откажуваат или обесхрабруваат во барањето на судска заштита, преку грижа за достапност на индивидуална сеопфатна едукација на жените што претрпеле семејно насилство на кои им се потребни дополнителни можности за брзи судски одлуки по повеќе проблеми во една постапка, во која се и бесплатно застапувани од адвокат.

ECE